**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Четвртото продолжение на Сто дваесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 3 февруари 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Слободан Најдовски:** Дами и господа пратеници,

Продолжуваме со работа по 122-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Зоран Крстевски, Ангелка Пеева Лауренчиќ, Ванчо Георгиев, Рафет Муминовиќ, Гзим Острени, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Али Ахмети, Абдулаким Адеми, Фазли Велиу, Мехдун Тачи, Џевдет Насуфи, Теута Арифи, Љубчо Георгиевски, Абдуладі Вејсели, Андреј Жерновски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Со оглед на тоа што досега се запишани 35 пратеници, а треба директж но да преминеме на гласање за мислењето на Комитетот за односи меѓу заедниците објавувам пауза до 11,30 часот.1

Продолжуваме во 11,30 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 11,33 часот)

Молам пратениците да влезат во салата за да продолжиме со работа. Досега имаме 63 пратеници пријавени дека се присутни на седницата.

Молам, службите да го утврдат точниот број на пратеници.

Продолжуваме со работа по точка 22-Мислење на Комитетот за односи меѓу заедниците по Информацијата од Министерството за внатрешни работи за остварување на правото на државјанство преку спроведување на законот за државјанството на Република Македонија со согледување на евентуални појави и пречки во неговото спроведување.

Претресот е заклучен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

1. Собранието го поддржува Мислењето на Комиетот за односи меѓу заедниците по Информацијата од Министерството за внатрешни работи за остварување на правото на државјанство преку спроведување на Законот за државјанство на Република Македонија, со согледување за евентуални појави и пречки во неговото спроведување и при тоа оценува, дека предлозите содржани во него се во функција на надминување на објективните или субјективните причини, заради кои одделни лица сеуште не успеале да го остварат правото на државјанство на Република Македонија, како и со цел олеснување на околностите во постапката за стекнување на статус на државјани на Република Македонија.

2. Овој заклучок заедно со Мислењето на Комитетот и предлозите содржани со него, како и стенографските белешки од седницата на Собранието да се доставаат до Владата на Република Македонија и Министерството за внатрешни работи.

Предлогот на заклучокот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 52 пратеници гласале за, 2 воздржани, 8 се против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точка 21-Предлог за донесување на закон за заштита на правата и достоинството на лицата со хендикеп**

Предлагач 18.968 граѓани, овластен претставник на предлагачот, господинот Звонко Шавревски.

Предлогот за донесување на законот, извештаите на работните тела на Собранието и мислењето на Владата ви се доставени односно поделени,

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Дали предлагачот има картица за да се пријави за збор?

Повелете, прво да му дадеме збор на предлагачот господинот Звонко Шавревски, претставник на предлагачот односно на групата на граѓани на Предлогот за донесување на закон за заштита на правата и достоинството на лицата со хендикеп.

Повелете господине Шаврeвски.

**Звонко Шавревски:** Благодарам,

Почитувани пратеници, ова е своевиден свечен момент за македонското Собрание и за развојот на граѓанската партиципација во власта . Јас како претставник на 18.968 граѓани на оваа држава кои за прв пат предлагаат како законски треба да биде решено некое прашање, сум овде на ова место да ви ја претставам нивната волја.

Многу работи се кажани и уште многу ќе се кажуваат и знам дека во рамките на можноста која ни е дадена, треба да се задржам само на потребата на одржувањето на предложениот закон и затоа ќе потенцирам само три нешта.

Прво, моментот одкога следи оваа несекојдневна иницијатива.

Второ, Парламентот кој треба да се соочи со ваква норма.

Трето, самиот закон кој што се предлага.

Но, да не должам, значи прво овој момент и зошто има потреба овој закон да се донесе во овој момент. Без оглед како личност секој од нас го доживува, ова е важен момент за лицата со хендикеп, за нивните семејства, за здруженијата на граѓани и за оние кои го дадоа својот потпис за донесување на овој закон. Ова е момент кога

треба да се направи ред со минатото и да се пречека новото време со раширени раце и умови.

Ова е прв пат. Предлогот за донесување на закон во Собранието да стигне по третиот, најтешкиот пат, значи преку иницијатива на граѓани. Морам да потенцирам дека тука, покрај засегнатите лицата со хендикеп и нивните семејства во оваа иницијатива зедоа учество многу луѓе од различни организации и институции, политички партии и националности од различен социјален статус.

Ова денес е само своевиден почеток на граѓаните на Македонија, а утре и на Европа кога ќе предлагаат како тие сакаат нормативно да им биде уреден нивниот зивот. Своевидна најава за користење на методите на непосредна демократија. Ова, исто така, е момент кога постапно но сигурно се уриваат ѕидовите на сегрегации, подвоеност помеѓи граѓаните во нашата заедница. Ова е момент кога се потврдува старата максима кога ништо не може да ја сопре добрата идеја чие време стасало. И, најважно ова е момент кога Македонија конечно раскрстува сос феноменот хендикеп и од болест и обично медицинско прашање, го префрла во прашање на човекови права.

Второ, овој Парламент или зошто има потреба овој ссостав на Собранието на Република Македонија да донесе ваков закон. Овој Парламент уште на почетокот на сегашниот состав на нивниот мандат, значи на 23 јули 2003 година, донесе Декларација за заштита и унапредување на правата и достоинството на лицата со посебни потреби. Уште тогаш, вие почитувани пратеници, се заложивте за "забрзување на процесот на хармонизација на законодавствотоп на Република Македонија со меѓународните акти и стандарди во областа на правата на лицата со хендикеп". Во овој Парламент од својот состав се самоформира интерпартиската парламентарна лоби група за правата на лицата со посебни потреби. И, тука скама да напомнам еден детал за оние кои не слушнале досега дека таква лоби група постои само на едно место во Европа и тоа во Европскиот парламент, т.н. Дисабилити интер груп. Колегите од Европскиот и од Македонскиот Парламент имаа заедничка средба на оваа тема и дискутираа за начините на влијание во законодавството. Овој пратенички состав од лоби групата многу важно е и многу останати пратеници во 2003 и 2004 година, поминаа редица семинари, студиски посети, визити по институции, болници, непосредни средби, каде што ем се едуцираа, но и лично го запознаваа хендикепот од стручен, но и во стручен контакт на лицата со хендикеп. Вашите колеги од лоби групата уште на своето самоконституирање донесоа Одлука пред крајот на својот мандат да поднесат сеопфатно, системско законодавно решение. Значи, ова не е ад хок случај каде што на некому му текнало да се поднесува закон, туку вредно се работеше овие три години на оваа цел.

Најубавиот момернт во оваа приказна е што пратениците на лоби групата ја поддржаа идејата на 23 организации на лица со хендикеп, во чие име зборувам и што решија да го дадат својот потпис заедно со граѓаните на Македонија. Нема да ме држите за збор, но од фотокопиите на потписите успеавме да најдеме 42 пратеници кои што како граѓани на Републиката го дадоа својот потпис за оваа иницијатива.

Токму затоа, кога се утврдуваше дневниот ред за оваа седница, господинот Рамадани предлагаше таа точка да го задржи приматот, за да успее овој Парламент да ја потврди потребата, но и да го донесе овој закон

Трето, кратко да се осврнам на тоа зошто има потреба од токму ваков закон. Значи, во што е суштината. На овој закон активно се работи цела една година. Значи, освен претходните две години каде што беше истражување и овој Предлог е плод на работа на редица професионалци од земјава, но и од странство и во него е вклопен трудот на многу стручни луѓе практичари и на оние вистинските експерти, а тоа се лицата со хендикеп и нивните семејства кои секојдневно се соочени со самоизолација, маргинилизација и дискриминација. Поотребата од ваков закон има и една глобалан приказна. Додека овој закон беше во собраниска процедура во ООН заврши Заседанието на седмиот ад хок Комитет за донесување на Конвенција за заштита на правата и достоинството на лицата со хендикеп. Значи, станува збор за една светска приказна која што еве на ваков начин се преточува и кај нас.

Јас би сакал уште да потсетам и на аналитичкиот извештај по одговорот на Прашалникот од Европската Унија, каде од Македонија се бара на среднорочен план понатамошни напори за спроведување на легислативата на Европската Унија што се однесува на дискриминацијата по основ на хендикеп. Има забелешки дека ова ќе биде долг и макотрпен процес.

Почитувани пратеници, само лошото се случува во миг, убавите работи се резултат на стремеж, волја и заедничка работа. Токму затоа овој закон чии иницијатори сакаат да воспостават систем, бараат да стапи во сила цела една година од неговото донесување. Преодните и завршните одредби не калкулираат со ништо од по две години, а за клучните прашања е поставен рок од пет до десет години. Нека бидат и 20 ако треба, би додал. Значи времето не е мачно кога не се чека, а му се оди во пресрет. Добро знаеме дека и најдолгиот пат почнува со само еден чекор. Мислам тоа е овој денес. Има забелешки дека имплементирањето на овој закон ќе биде скапа работа, нешто што Македонија барем засега неможе да си го дозволи. Но, мала држава како нашава неможе да си дозволи само едно нешто, а тоа е да се откаже од придонесот на сите нејзини граѓани, на сите луѓе кои живеат тука.

Има забелешки дека постоечката македонска легислатива има довоно одредби за лица со

хендикеп. Тоа е точно гледано квантитативно, но вистинскиот проблем кај нашата постојна регулатива, во суштина не е времето на донесување на тие одредби и нивната нехармонизираност, временска , туку тоа што е таа иницијатива донесувана од различни конкретни интереси и званични моментни политики од чисто фискални до милосрдни и солидарни. Нормите потекнуваат од разлечен законодавец, дури и од различни држави. Овие форми следат еден пат од СФРЈ, на СРМ и на Република Македонија и тука се оние две етапи каде што прво се работеше за осамостојување на Македонската легислатива од онаа на Југославија, а потоа втората етапа каде што се премина кон хармонизирање на нашето законодавство со она на Европската Унија. И, ова со тек на време создаде ситуација на изумирање или фактичко нефункционирање на одредени механизми и институции.

Почитувани пратеници, многу пати во вашиот мандат се најдовте во ситуација да донесувате одлуки кои се однесуваат за изедначување на можностите за лицата со хендикеп. Владата, исто така, прави секојдневни напори да го усоврши овој законски корпус. Пример за ова се и најновите измени на Закнот за вработување на инвалиди, кои во минатата година два пати дојдоа пред вас. Но, пример, дека работите тешко функционираат, поради непостоење на систем е тој ист Закон и злоупотребата на средствата од посебниот Фонд.

И, за да не биде се поезија и малку математика би сакал во оваа пригода. Значи, за емпириско појаснување на сликата, беше направено едно истражување во периодот јуни-септември 2005 година, врз репрезентативен примерок од 1670 испитаници и резултатот од истото покажа дека 69% од испитаниците сметаат дека според местото и статусот во општеството, лицата со хендикеп се целосно маргинализирани. Додека 57% по прашањето дали лицата со хендикеп ги остваруваат своите граѓански права сметаат дека воопшто не ги остваруваат, туку напротив тоа се граѓани од втор ред. И, уште еден извадок од оваа анализа. Испитувајќи го задоволството на граѓаните од постојните законски решенија кои се однесуваат на лица со хендикеп,само 4% од нив сметаат дека државата активно може да ги заштити лицата со хендикеп со измени и дополнувања на постојните закони. Додека дури 71% сметаат дека е потребно донесување на посебен закон.

Почитувани пратеници, заклучокот кој се наметнува или кој барем мене ми се наметнува е јасен, на сите сили енергија, пари кои се трошат и луѓе кои се ангажирани недостасува еден систем кој нивните активности и маки ќе ги претвори во промени за подостоинствен живот на нашите сограѓани со хендикеп, кои судбината ги оставила од другата страна на цртата. Ние веруваме дека овој закон тоа го нуди.

Овој Предлог е само еден можен текст на идниот закон, има забелешки и треба да ги има. Никој и ништо не е совршено и токму затоа сметаме дека Собранието треба да го даде овој законски текст, да му овозможи да се дискутира по него за да се изјаснат сите министерства, институции, засегнати организации и здруженија и поединци.

Бараме барем 40 дена овој Предлог за донесување на закон да стане Предлог закон и сметаме дека работејќи заедно, продолжувајќи го духот на иницијативата со која овој закон се најде тука, ќе можеме да добиеме солиден, модерен и што е најважно применлив закон за кој постои широк консензус во целата држава.

Ви останувам на располагање за билокакви прашања и сугестии и ви благодарам на времето и трпението.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Шаврески, со оглед на тоа што и на почетокот сами рековте за начинот на работа и Деловникот, во текот на расправата како предлагач можете во секое време да се пријавите за збор, имате предност пред сите останати дискутанти односно пратеници.

До колку почувствувате потреба во текот на расправата имате потреба од дообјаснување, можете во секое време да се вклучите. Тоа е првата работа.

Втората работа, би ве замолил, до колку сакате, со оглед на тоа што е вака насловот додека дискутирате одредени граѓани следеле и има една реакција за да ни помогнете нам пратениците да го употребуваме зборот лица со хендикеп или другите називи како лица со посебни потреби, да не грешиме ние пратениците кои сме во Собранието.

Трета работа, рековте да ви оставиме рок од 40 дена да доставите Предлог на закон, деловнички е во рок од 60 дена откако ќе се усвои Предлогот за донесување, тоа останува на вас како предлагачи и би ве замолил да не се злоупотребува Предлогот за донесување на законот за да се делат лекции на другите институции во државата, барем вие воздржете се од тоа во овој момент политички го искористувате овој закон, бидејќи не е само "Полио-плус" организација која се залага за овој закон, наспроти вас има, а тоа ќе го каже некој во расправата, голем број на организации кои се против ваквиот закон, а Собранието не направило ништо, Собранието е прво што ги презеде чекорите кои одат во подобрување на состојбата.

Овие неколку работи сакам да ви ги укажам на почетокот за да во текот на расправата можете адекватно да се вклучите.

Продолжуваме понатаму со расправа.

Има збор пратеникот Благоја Гешоски.

**Благоја Гешоски:** Благодарам почитуван потпретседател, почитувани колеги и колешки пратеници, почитуван господине Шаврески, претставник на предлагачот.

Во своето воведно излагање господинот Шаврески напомна дека денес е своевиден свечен момент за Собранието на Република

Македонија, бидејќи за прав пат во овој парламентарен дом пред нас ние пратениците имаме иницијатива, согласно Уставот на Република Македонија за Предлог за донесување на закон по иницијатива на граѓаните на Република Македонија и тоа како процес на зреење на младата македонска демократија би требало да не радува сите нас, бидејќи граѓаните поактивно се вклучуваат при доенсување на законите во Собранието на Република Македонија. Верувам дека и понатаму ќе најдат сили за многу други проблеми кои ги тиштат на еден ваков начин да ги достават како свои иницијативи и предлози до Собранието на Република Македонија.

Би сакал малку да се навратам како одеше и течеше патот од идеа до донесување на оваа иницијатива за Предлог на закон. Дел од работите ги спомна и господинот Шаврески, меѓутоа, бидејќи активно сум вклучен од првиот ден во работата на Интерпарламентарната лоби група која деновиве треба да го наполни својот трет роденден. Чувствувам за потреба да кажамнеколку работи.

Значи, за прв пат во ова Собрание се формира Интерпарламентарна лоби група која е своевиден раритет во парламентите во сите земји во светот, кажавме дека постои само во уште едно место, а тоа е во Европскиот парламент, ние како македонско Собрание можеме да се пофалиме дека имаме формирано таква Интерпарламентарна лоби група за заштита на правата на лицата со посебни потреби. Така е називот Интерпарламентарната лоби група.

Интерпарламентарната лоби група при своето формирање и конституирање пред себе си постави три цели, би рекол главни цели.

Едната цел беше континуирано следење на важечката регулатива во македонските закони, нивни измени и дополнувања и нејзино унапредување и секако она кое следуваше до нас како Предлог на закон, ние како Интерпарламентарна лоби група се трудевме да го промениме амандмански во соработка не само со "Полио-плус", туку и со останатите засегнати здруженија на инвалидите во Република Македонија.

Како своја крајна цел Интерпарламентарната лоби група си постави донесување на системски закон, а сите овие чекори континуирано требаше да бидат со она кое сметавме дека е најважно, а тоа беше подигањето на јавната свест, бидејќи согласно сите извршени анкети во изминатиот период се заклучи дека јавната свест за лицата со посебни потреби во Република Македонија не е на доволното ниво и од тие причини состојбата во која се наоѓаат лицата со инвалидност е таква, бидејќи нивната положба не зависи од нивната состојба, туку како општеството гледа на лицата со инвалиднсот. Затоа сметавме дека наша можеби примарна задача е подигањето на јавната свест.

Го спомнав системскиот закон и неговото донесување како наша крајна цел и тогаш кога се донесуваше, кога се креираше идеата за системски закон лично мене не ми беше многу познато што значи тоа системски закон и се обидов да се консултирам со дел од колегите кои се поискусни во тој дел. Некои сметаат дека системски закон треба да претставува механичко преземање на делови од постојните закони во Република Македонија кои ги третираат правата на лицата со инвалидност и нивните права знаеме дека ги има во Законот за здравствена заштита, Законот за основно, средно и високо образование, во Законот за градба, во законите за социјална заштита, значи во многу закони и навистина беше тешко лице со инвалидност да ги оствари своите права кога треба пред себе да има една збирка на 6 или 7 закони во Република Македонија. Се разбира таквото нивно превземање на одредбите од овие закони собирањето на едно место требаше да значи системски закон, барем така беше во зародишот на оваа идеа која реков дека беше крајна цел на Интерпарламентарната лоби група.

Интерпарламентарната лоби група можеше до Собранието на Република Македонија со потписи на нас членовите пратеници во неа да го достави овој Предлог на закон до Собраниеот, меѓутоа, на една од нашите средби сметавме дека е потребно да се пристапи за една ваква идеа, за една ваква иницијатива на собирање на 10 илјади потписи се со цел да се подигне јавната свест. Сметам дека во тој дел праведно постапивме, бидејќи тој месец дена кога се собираа потписите речиси секојдневно пишаните и електронски медиуми имаа отстапен простор до каде е постапката со собирањето на потписи или кој од видните личности во Република Македонија го дал својот потпис. Како прилепчанец морам да кажам дека ми е мило дека во мојот град се собраа можеби најмногу потписи во апсолутна бројка и нашата цел во тој дел е исполнета.

Во многу досегашни дискусии се говореше дека одредбите кои ги имаме не само по овој закон и во текот на вчерашниот и претходните денови дека многу закони во Република Македонија датираат од периодот на бившата СФРЈ, лично да кажам дека мене ми пречи кога некој ќе каже дека некој закон датира од некогаш. Еден закон може да трае 200-300 години и ако е добар не треба да се променува и затоа единствена причина за пристапување кон измени да не ни биде од кога тој датира. Суштинска разлика и промена од минатиот период или од поранешното уредување во нашата држава пред 90-тите години и денес е следното:

До тогаш лицата со инвалидност беа третирани исклучиво од аспект на социјално згрижување, имено државата водеше сметка само за нивното социјално згрижување, а не за нивна социјална интеграција и рамноправност во општеството.

Од тие причини во тој дел се потребни измени на законската регулатива во Република Македонија, бидејќи согласно начелото на еднаквост,

рамноправност, на недискриминација и лицата со инвалидност се рамноправни членови на начата заедница и нивното интегрирање во општеството е задача на државата и ние нив треба да ги гледаме и третираме како рамноправни граѓани на Република Македонија и во таа насока треба да донесеме такви измени и дополнувања на важечките закони во нашата држава.

Тоа е околу погледот што треба суштински да се промени во овој дел во законската регулатива која постои во Република Македонија.

Од ова кое што до сега го кажав, јас ќе напомнам дека ја почитувам иницијативата на близу 19 илјади граѓани кои се потпишаа и ја подржувам потребата од донесување на закон за лицата со инвалидност во Република Македонија.

Потпретседателот, ќе почнам од тука, постави едно прашање до предлагачот која терминологија денеска да ја употребуваме, верувајте ми, тоа е можеби едно од потешките прашања, не дека не е разрешено, туку затоа што секојс е обидува на свој начин и од свој аспект да ги гледа работите.

Лично почнувам од насловот на овој Предлог кој го имаме, ми пречи насловот онака како што е концепиран Предлог за донесување на закон за заштита на правата и достоинството на лицата со хендикеп. Зборот "заштита" е непотребен во овој закон, бидејќи самиот закон како закон е тој кој ги штити правата, значи првиот збор "заштита" треба да отпадне, меѓутоа, според мене и зборот "достоинство" не треба да постои овде, бидејќи достоинството зависи од нашиот однос и нашиот третман спрема лицата со инвалидност и тоа не треба да стои во еден наслов на закон.

Клучниот трет збор е зборот хендикеп. До сега на оваа тема се водени многу дебати, имало многу различни видувања и размислувања во Уставот на Република Македонија стои инвалидни лица, јас во една прилика спорев со минситерот за труд и социјална политика Стевчо Јакимовски дека треба да се направи промена на местата и во Уставот на Република Македонија дека треба да стои лица со инвалидност, бидејќи на тој начин се става акцентот на лицето, а не на инвалидноста. Наш третман се лица секој по себе како индивидуа претставува лице, а потоа кажуваме дали е бел, жолт, црн, со инвалидност и т.н. Тоа е мојот став. На овој мој став го додавам и мислењето на Институтот за дефектологија кој одржа една Трибина на оваа тема, една Тркалезна маса на која се одлучи дека терминологија која треба да се употребува во Република Македонија е лица со инвалидност.

За крај, согласно речникот на Светската здравствена организација јасно се дефинирани поимите и разликите на она што значи повреда, што значи оштетување, што значи инвалидност и што значи хендикеп.

Сите инвалидизирани лица не се хендикепирани. Значи, треба да разграничиме за кого се однесува оваа терминологија која ќе ја употребуваме во законот. Значи, псотои суштинска разлика помеѓу зборовите инвалидност и хендикеп и јас предлагам овој закон во натамошниот тек да го носи терминот лица со инвалидност, можеби ќе се залагаме, ако е потребно, измена во Уставот во тој дел, инверзија на зборовите и речениците.

Има многу забелешки на она кое значи предлог на самиот текст, вие рековте дека сте отворени за соработка и да ги слушнете сите забелешки кои ги имаат засегнатите страни, верувам дека по изгласувањето на потребата од донесување на закон и по јавната расправа која претпоставувам ќе следи во Република Македонија во тие 40 или не знам колку дена, треба да бидат согласно Деловникот, норманлно имате право можеби и повеќе, согласно околностите кои претстојат пред нас дека ќе бидат земени во предвид мислењата на Заедницата на инвалидските организации која испрати допис до нас или Националното координативно тело од Владата на Република Македонија каде постои една констатација дека досегашната законска регулатива е добра и не треба ништо да се менува. Не се согласувам со таквата констатација, бидејќи ние како законодавен дом до сега сме промениле илјадници закони, тоа е наша задача, таму каде ќе увидиме дека некој закон не функционира да го промениме и да интервенираме. Меѓутоа, мора да се слушне гласот, бидејќи согласно статистичките показатели 90 илјади членови брои Заедницата на инвалидски организации, има многу други невладини и граѓански здруженија кои се занимаваат со помагањето и подобрување на квалитетот на животот на лицата со инвалидност и едноставно сметам дека треба да следи една широка јавна расправа да се слушнат ставовите на сите и најверојатно на тој начин ќе дојдеме до еден многу подобар текст прифатлив за сите.

Рековте дека имате време да чекате, дека некои одредби треба да почнат да се применуваат по две, други по пет, а некои можеби по повеќе години, меѓутоа, во светската пракса има два начини на гледање на решавање на проблемите и подобрувањето на квалитет на животот на лицата со инвалидност. Едниот начин е на гледање во скандинавските земји кои важат за едни од најбогатите земји и таму функционираат вакви закони како овој кој денеска го имаме како Предлог на текст пред нас, меѓутоа, состојбите во Република Македонија не дозволуваат ова кое сега е напишано да почне да се применува од утре. Или со една реченица да кажам состојбата на лицата со инвалидност во Република Македонија не можеме да ја гледаме изолирано од состојбата на останатите два милиони жители во Република Македонија и затоа чекор по чекор, се согласувам дека е ова првиот чекор, меѓутоа, чекор по чекор треба да напредуваме да ги надградуваме состојбите во оваа сфера, јас заедно со вас присуствував на меѓународна конференција во Сараево кој наслов беше Патот кон европската унија и правата на лицата со инвалидност, јасно ми е во која сфера треба да се движиме, главниот курс е целосна интеграција на лицата со инвалидност и нивна рамноправност во општеството, меѓутоа, велам се во свое време.

За крај ја почитувам Иницијативата, ги поздравувам сите оние 19 илјади граѓани кои се потпишале и нашле време да го дадат својот потпис за волја на вистината очекував лично да бидат собрани можеби и повеќе потписи, бидејќи ова е тема на која требаше секој од граѓаните во Република Македонија да го даде својот придонес.

Лично јас и мојата пратеничка група ќе гласаме за потребата од донесвуање закон за лица со хендикеп, инвалидност и т.н. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Гешоски.

Следен за дискусија е пратеникот Петар Апостолов.

Повелете господине Апостолов.

**Петар Апостолов:** Благодарам почитуван потпретседател, почитуван овластен претставник на предлагачите, колеги пратеници.

Со сета почит кон предлагачот на законот, а посебно кон оние, како што рече потпретседателот, точната бројка 18.968 граѓани кои ја потпишаа Иницијативата и да ви кажам искрено очекував поквалитетен Предлог за донесување на закон за заштита на правата и достоинството на лицата со хендикеп.

Јас ќе го употребувам терминот хендикеп иако не се согласувам, бидејќи самиот термин во целиот закон е како хендикеп, па затоа да нема некоја забуна.

Во самиот Устав на Република Македонија во членот 9 стои: сите граѓани на Република Македонија се еднакви пред Уставот и законите, а од тоа произлегува дека и хендикепираните лица се еднакви пред Уставот и законите, што значи дека и на нив се однесуваат сите оние закони од правниот систем во Република Македонија. Исто така, уставна одредба е и посебната заштита на инвалидизирани лица и обезбедување на посебни услови за нивно вклопување во општествениот живот, член 35 став 3 од Уставот на Република Македонија. Самиот иницијатор "Полио плус" во образложението потврдува макар и квантитативно според мене, во некои закони точно дека е квантитативно, но во некои закони и квалитативно дека на Македонија не и недостига легислатива која ја уредува положбата на лицата со хендикеп, бидејќи укажуваат дека во 26 закони и редица подзаконски акти кои во поголем, или помал обем ја уредуваат оваа област. Тоа значи дека веќе постојат закони за заштита на правата и достоинството на лицата со хендикеп, а не се да почнува само од овој Предлог за донесување на законот. Примената, односно спроведувањето посебно злоупотребата на одредени одредби во разни закони кои се однесуваат на лицата со хендикеп како на пример, во Законот за социјална заштита, Законот за образование, Законот за здравство, посебно во Законот за вработување на инвалидни лица и т.н. е сосема друга работа.

Една моја генерална забелешка на овој Предлог е член 20 и член 95. Во првиот член односно член 20 сметам дека самиот предлагач предлага на свој начин дискриминација во однос на полот, поконкретно, како што пишува во самиот член за дискриминаторското дејство сторено врз жена и дете со хендикеп како и лицето со тежок комбиниран и повеќекратен хендикеп ќе се смета за потежок облик на дискриминација.Тоа е се во ред. Но, од друга страна значи, хендикепираниот маж не е во оваа категорија. Сум за посебна заштита на детето и жената, но кога се работи за хендикеп, тогаш сите хендикепирани треба да бидат подеднакво третирани. Исто така, во член 95 во врска со интервенцијата на Народниот правобранител не треба специјален третман бидејќи интенцијата е овие лица да ги вклучиме во сите сфери на живеење, а не сами да се издвојуваат од системот. Јас имам таков впечаток кога го читав Законот. Функцијата на Народниот правобранител сите ја знаеме, тој треба да ги штити одредбите од сите закони.

Во член 7, Владата на Република Македонија треба да донесе програма за зголемување на средства на општеството за лицата со хендикеп, нивните права и достоинство. Сметам дека не може таа обврска да ја има само Владата, треба да бидат вклучени сите пред се невладини организации кои се занимаваат со овој проблем, потоа да бидат вклучени медиумите па и поединци. Јас ќе наведам еден пример како можат и поединци да направат многу за овие лица. Во Гевгелија се одржуваше еден состанок организиран од Републичкиот центар за помош на лица со интелектуална попреченост, порака имаат веќе 10-годишна иницијатива за формирање на дневен центар за хендикепирани лица, но немаше кој да ја спои таа иницијатива, недостасуваше нешто. Благодарение на Министерството за труд и социјална политика, Локалната самоуправа и одредени поединци се отвори Дневниот центар и сега функционира и таму се згрижени околу 20 до 25 деца. Значи, и поединците можат да дадат свој допринос за овие лица.

Менување на свеста, сите знаеме дека не доаѓа преку ноќ. Тоа е процес за кој треба време, а мора да признаеме дека свеста и однесувањето и кај поединци и кај институции оди на позитивно. За пример би го зел Собранието на Република Македонија, како што рече и претседателот Јордановски дека задоцнивме, но сепак, се изгради една приодна патека, платформа за скалите за лица со хендикеп. Но, јас ќе додадам дека никогаш не е доцна. Сега сепак, овие лица имаат пристап до сите служби во Собранието на Република Македонија.

Член 9, сметам дека не треба да постои, бидејќи сето тоа е гарантирано со Уставот. Читајќи ги членовите 13, 14 и 16, останувам без коментар, бидејќи тие членови се однесуваат за секоја индивидуа, а не само за лица со хендикеп. Бидејќи јас имам уште многу забелешки, да не кажам на секој четврти, петти член, тие забелешки ќе се потрудам да ги искажам на некоја јавна расправа, да не би го одзел времето на

другите, а таа јавна расправа сметам дека организаторите, односно предлагачите ќе ја спроведат пред се со вклучување на многу невладини организации кои се занимаваат со оваа тематика, а пред се со вклучување и на другите инвалидски организации. Не негирам дека таков закон не е потребен, но не како што е сега во таква форма. Ако така остане со овие предлози, сметам дека овој закон и да се изгласа никогаш нема да заживее бидејќи и самиот иницијатор предвидува 5 години за да се имплементира законот. Респектирајќи ги потписите на скоро 19 илјади граѓани, пратеничката група на Либерал-демократската партија ќе го поддржи овој закон во оваа фаза, но со сериозна забелешка дека мора нешто да се промени во самиот Предлог, бидејќи ако не се промени приодот на законот, тогаш во втората фаза не би сакал да прејудицирам како ние би гласале.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Цветанка Гашоска.

**Цветанка Гашоска:** Почитуван потпретседателе, почитувани овластени предлагачи, колеги пратеници.

Република Македонија согласно Уставот обезбедува посебна заштита на лицата со посебни потреби и создава услови за нивно вклучување во општествениот живот. Тоа е факт. И веднаш би предложила корекција на насловот на законот, се разбира доколку предлагачите се согласат. По мое видување тој треба да гласи: Предлог за донесување на закон за лицата со посебни потреби. И ќе објаснам зошто? Затоа што ваквите лица се заштитени, почнувајќи со Уставот на Република Македонија и со многу закони. Тие имаат и уживаат права и цврсто сум убедена дека нивното достоинство е присутно и е почитувано во нашата држава. А насловот: Со посебни потреби, сметам дека е во склад со современата европска номенклатура, бидејќи вака предложен како закон за лица со хендикеп подразбира само физички недостаток. Меѓутоа во нашата држава живеат и се интегрирани лица и со други недостатоци. Насловот на законот во јавноста предизвика интерес и никого не го остава рамнодушен. Но, кога внимателно ќе се прочита, за оној кој добро ги познава приликите во нашата држава во поглед на лицата со посебни потреби овој закон претставува сублимација, собирање на едно место на сите одредби и прописи и закони кои веќе постојат и се опфатени во повеќе закони, а се однесуваат за лицата со посебни потреби. Морам да нагласам дека цели 50 години наназад оваа држава водела и се уште води сметка за образованието на лицата со посебни потреби, а како што вели предлагачот во членот 39, тие да се формираат. Постојат специјализирани училишта во зависност од потребите. На пример, за глувите во Република Македонија постои специјализирано основно училиште во кое наставната програма е иста како и во училиштата за нормални деца со таа разлика што наставата е прилагодена на нивните потреби, односно таа се изведува со специјални нагледни средства и на нивниот гестовен јазик, а наставата ја изведуваат специјалисти дефектолози, истата е од интернатски тип. Наставата се осовременува, децата сега учат и англиски јазик и работат со компјутери. Во него се школуваат сите глуви деца од Република Македонија. Има средно училиште за глуви во Скопје, а Здружението на глувите се залага за воведување на нови наставни процеси, тесни, или потесни струкови образовни предмети за полесно вработување на децата што истото ќе го завршат. Веќе има и глуви студенти, а заложбата на Здружението е нивниот број да се зголеми и недостатокот да не биде пречка лицата да се интегрираат во нормалниот живот. Вакви специјализирани училишта во истиот тој временски период постојат и за слепите.

Во однос на вработувањето на лицата со посебни потреби веќе е направено и тоа многу направено во Република Македонија, изгласани се повеќе закони токму од ова Собрание. Затоа истиот овој предлог во членот 39 не држи. Треба само да се обезбеди во праксата заштитата на вака вработените лица во однос на висината на платите да постои, односно да биде присутна , бидејќи во досегашната имплементација на одредбите од овој закон постои дискриминација, бидејќи повеќето од тие лица имаат ниски примања од 5.000 до 6.000 денари за работа која ја обавуваат исто како и другите работници.

Членот 40 регулира материја која исто така веќе е регулирана со законот за лицата со посебни потреби, односно постои Комисија за утврдување на степенот на инвалидноста, постојат категоризации кои се утврдуваат врз точна егзактна медицинска документација и не се потребни никакви дополнителни прегледи. Треба да се размислува во правец на тоа социјалните работници да работат повеќе со лицата со посебни потреби и тие да ги усмеруваат поточно и побрзо каде би можеле да работат и да бидат побрзо вклучени во работниот процес и се разбира да бидат подобро искористени, но и наградени.

За Здружението на слепите и глувите од Охрид предизвика дискусија и членот 80. Тие сметаат дека не може во Здружението на лица со посебни потреби да членуваат најмалку 51% од лицата со посебни потреби. Во ваквите здруженија и сојузи членови се само лицата со посебни потреби. Има место за придружно членство на здрави лица, но со цел тие да помагаат за дружење, за финансирање и слично. Но, за интересите на Здружението одлучуваат исклучиво лицата со посебни потреби. Ваквите здруженија и сојузи постојат цели 50 години и во нив членуваат околу 90 илјади лица со посебни потреби. Исто така, не држи Предлогот да се формира Собрание на организациите на лица со посебни потреби, бидејќи веќе постои Национално координативно биро. Со ваквиот предлог Здружението на глуви и слепи стравува дека носителот на идејата за ваков закон и подносителот на истиот сака да направи паралелна организација на заедниците

на лицата со посебни потреби. Тие со своето досегашно искуство испробано и докажано сугерираат дека ова не е само законски проект, туку ова е живот на лицата со посебни потреби. И досега тие 90 илјади лица со посебни потреби преку своите организации, или сојузи или тела, сеедно како се наречени ги остваруваат своите животни потреби: образование, вработување, дружење и секаква друга помош. Значи, ова функционира и треба да се надградува, дополнува, осовременува и се разбира да се европеизира.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Фатмир Асани.

**Фатмир Асани:** Благодарам господине претседателе, почитувани пратеници, почитуван претседателе, во салава има малку пратеници присутни, ваква е состојбата и во Македонија, бидејќи според мое мислење 70% од граѓаните на Република Македонија не знаат воопшто за хендикепот, не знаат воопшто за инвалидите. Но, не е во прашање како ги именуваме, тие се лица со посебни барања. И тие мислат дека никогаш во нивниот живот нема да има проблеми и во нивните семејства нема да има хендикепирани лица. Само 10% од граѓаните на Република Македонија се хендикепирани лица и тие имаат само една идеја како да го преживеат животот, како да опстанат, како нивниот член на семејството да се излечи и нивниот живот е под депресија. Додека во првата група граѓаните на Република Македонија имаат многу идеи, тие верувам дека живеат во согласност и хармонија дека не е ништо подобро од тоа да бидеш здрав. И третата група на која и припаѓам јас, кои се занимаваат со нивни проблеми се лекарите, медицинските сестри, инвалидните здруженија и многу други. Затоа мојата дискусија можеби ќе влијае да се зголеми свеста кај граѓаните на Република Македонија за да се донесе еден закон, општ закон, генерален закон за хендикепираните лица. Ова не значи дека во Македонија досега немаше закони, но законите беа Закон за здравство, Закон за права за работа и социјална заштита. Додека овој Закон е закон над сите тие закони. Затоа една од карактеристиките на правосудството на 20-от век која продолжува и во 21-от век е признавањето на правото како средство за промена, затоа што важна особина на ефективниот правен систем е неговиот капацитет да ги рефлектира промените на потребите и барањата на општеството во чии рамки функционира. Иако легислативата не е единственото средство за социјална контрола, сепак е најмоќно средство за промена и развој, како и континуираното донесување на закони станува природен начин на реагирање на развиениот правен систем кон новонастанатите промени и потреби.

Принципот на еднаквост пред законот се појавува како фундаментално право на човекот, односно да се биде третиран еднакво во согласност со својата човечка природа. Тоа право се потпира на една од основните особини на човековата природа, имено човековите битија како личности имаат еднаква вредност во самите себе, а не надвор од себе во некоја друга вредност и се цел самите на себе. И лицата со хендикеп се еднакви со другите и нивната вредност лежи во самите нив и се цел самите за себе.

Понатаму, граѓанско-политичката еднаквост не ја исклучува eo ipso категоријата на различен третман, меѓутоа бара да биде заснована врз утврдувањето на неговата потреба во одредени случаи со примена на разумност, процедура, правда и правичност. Со тоа, ова право се дефинира како релативна или базична еднаквост, која за свое сопствено реализирање бара дополнение со различен третман за различни реалности.

Забраната на дискриминацијата и афирмативните акции се двете крајности на просторот на протегање на правата. Забраната на дискриминација е долниот праг на принципот на еднаквост на правото еднакво дејство на законите спрема сите. Без негово постоење не може да се зборува за принципот на правна еднаквост, ниту за либерална еднаквост и демократски политички систем воопшто кон кој Република Македонија се стреми. Тоа е conditio sine qua non за владеењето на првото и правата на човекот. Тој подразбира дека е праведно еднаквите да се третираат еднакво, а различните да се третираат различно. Тоа значи дека е компатибилен со нееднаквости и разлики, тогаш кога тие се праведни и се сторени со цел реализирање на праведен третман на индивидуите.

Од друга страна, институтот афирмативни акции на државата е другиот пол на протегање на принципот на правната еднаквост во де факто нееднаквиот свет на современото граѓанско општество. Од тие причини, имајќи ја во предвид ситуацијата во која се наоѓаат лицата со хендикеп во Република Македонија, преземањето на афирмативни акции од страна на државата само ќе му послужат на принципот на еднаквост, преку воведување на привремена, поединечна и предметно ограничена нееднаквост на правата на лицата со хендикеп настран другите. Затоа, на афирмативните акции треба да се гледа како на инструменти во остварувањето на принципот на вистинска или на што поефикасна правна еднаквост, за намалување на процепот помеѓу "нормативното и стварното", тој процеп во кој што егзистираат лицата со хендикеп во нашата држава.

Целно е подобрување на законската регулатива што ќе овозможи вклучување на лица со хендикеп во сите сфери на општественото живеење. Тоа се основните цели.

Специфични цели на овој закон се воспоставување механизми за регулација. Во Република Македонија нема статистика за вкупниот број на населението засегнато со хендикеп. Според податоците на Светската здравствена организација, 10% се засегнати со проблематиката на хендикепот.

Современите држави воспоставуваат механизми преку кои, не само што прибираат податоци, туку и ги следат промените, па соодветно на тоа, превземаат конкретни акции. Република Македонија е членка на Обединетите Нации и заради тоа треба да го насочи своето делување кон имплементација на одредбите и препораките што се донесени во рамките на ООН.

Согласно стандардните правила за обезбедување на еднакви можности на хендикепираните лица, државата треба да ги превземе овие активности:

- Треба да има крајна одговорност за прибирање и ширење на информации за животниот стандард на хендикепираните лица и да направи едно издржано истражување на сите аспекти, вклучувајќи ги и пречките што влијаат врз животните услови на хендикепираните;

- Државата треба во редовни интервали да прибира специфични статистички и други информации што се однесуваат на животот на хендикепираните. Ваквото прибирање на податоци треба да се спроведе заедно со пописот на населението и испитувањата на домаќинствата, а може да се спроведе во соработка со универзитетите, истражувачките институти и организации на хендикепирани. Прибирањето на информации треба да вклучува прашања за програмите и услугите и нивното искористување;

- Државата треба да размисли за оформување на една банка на податоци за хендикепираноста, што би вклучила статистички податоци за достапните услуги и програми, како и за различни групи на хендикепирани. Во овој случај треба да се зачува трајноста на податоците и личниот интегритет.

Што мислат граѓаните на Република Македонија?

Податоците добиени од исражувањето "Со влегување на состојбите и можностите за вклучување на лицата со хендикеп во општественото живеење" што беше спроведено во рамките на активностите на ИППЛГ, јасно покажуваат дека донесувањето на регислатива со јасно утврдени афирмативни акции што треба да ги превземе државата во различни сфери од општественото живеење е ground zero од што треба да се почне во подобрување на ситуацијата во која се наоѓаат лицата со хендикеп во Република Македонија. Имено, на прашањето број 7-Дали лицата со хендикеп треба да уживаат посебни погодности, 85% одговориле дека има потреба од таква поддршка, дополнително потврдено со прашањето број 8-Како државата треба активно да ги заштити правата и достоинството на лицата со хендикеп, 70% одговориле дека тоа треба со донесување на посебен закон за главните области на заштитата.

Треба да се нагласи дека овој став е репрезентативен примерок од кои само 8% од испитаниците се засегнати со хендикепот.

Реалноста во Република Македонија ги има овие карактеристики:

-Интерност на заедницата и непреземање на конкретни мерки за вклучување на лица со хендикеп во истата, што доведува до допонителна маргинализација на лицата со хендикеп;

-Постоечка ексклузија во повеќето области на општественото живеење, недостапност на институциите и информациите создаваат состојба на исклучување на лциата со хендикеп, а воедно и нивните семејства од сите сфери на општественото живеење, како професионално така и културно и образовно, што пак понатаму ги остава на маргините на општеството;

-Фрагментарното дејствување на државата во создавање услови за достоинствен живот на лицата со хендикеп, несоодветниот начин на имплементација на законските одредби, како и непостоењето на сеопфатен правен систем за регулирање на оваа област создава ситуација на неможност на уживање на фундаменталните права и слободи и нарушување на концептот на човекови права, еднаквост и недискриминација;

-Постоењето на јаз помеѓу нормативната и фактичката стварност предизвикува нееднаква положба на лицата со хендикеп во однос на другите.

Оценка за активноста на државата во заштитата и остварувањето на правата и слободите на лицата со хендикеп:

Согласно Стандардните правила за обезбедување на еднакви можности на лицата со хендикеп предвидено е: државата е примарно одговорна за формирање на законска рамка за постигнување на целосно учество и еднаквост на лицата со хендикеп. Понатаму, државата има обврска да им овозможи на овие лица да ги остваруваат своите граѓански и политички права, заедно со другите граѓани.

Прастенициите треба да ги загрижи фактот дека народот оценува дека активноста на државата во создавањето на услови за достоинствен живот на лицата со хендикеп не е на завидно ниво. 60% од испитаниците одговориле дека сметаат дека државата постапува само инцидентно. 34% сметаат дека нема направено ништо. Тоа значи дека иако, еве ИППЛГ вложува напори да ги менува постојните законски прописи, истите не се функционални и имплементирачки.

Гледано квантитативно, 26 закони и редица подзаконски акти во поголем или помал обем ја уредуваат оваа област. Степенот на инволвираност и "зафаќање" на позитивната легислатива се движи од фрагментарно спомнување на лицата со хендикеп, на пример во Законот за царини, до постоење на посебен Закон за вработување на инвалидни лица како lex specijalis на Законот за работни односи. Временската рамка на овие закони е релативно голема. Опфаќа закони донесени во времето од 1966 година, па до најновите измени на Законот за социјална заштита и Законот за вработување на инвалидни лица во јули 2005 година. Вистинскиот проблем во постоечката законска

регулатива е тоа што таа е носена поради различни конкретни интереси и официјални моментни политики, почнувајќи од фискалните до социјалните интереси. Ова е направено од еден закон, од различно митовирани цели и принципот со сосема различен предмет на заштита и области на уредување. Некоегзистеноста не се состои само во нејасноста на дефинирање на феноменот хендикеп и неговото именување, туку во суштинските начела, инволвирани институти и цели на законите.

Затоа, ставот што го заседовме е дека е потребна изградба на едно системско законодавство кое ќе го овозможи функционирањето и имплементирањето на истите.

Државата треба да обезбеди ефективна медицинска заштита што ќе биде раководена од тимови на стручњаци за рана детекција, оценка и лекување на пречката. Ова би можело да ги спречи, намали или елиминира ефектите на пречката. Ваквите програми треба да обезбедат полно учество на хендикепираните лица, нивните фамилии на индивидуално ниво како и организациите на нивото на планирањето и проценка.

Локалните социјални работници треба да се обучени да учествуваат во области како што се рано откривање на пречки во развојот, давање прва помош и давање податоци за да лицата за кои што се говори, да можат да им се обратат на службите.

Државата треба да обезбеди да хендикепираните, а посебно децата и младите, добијат иста медицинска заштита и грижа како и останатите членови на општеството.

Државата, исто така треба да осигури медицински и парамедицински персонал, кој е биде содветно обучен и опремен за давање медицинска помош на хендикепирани, како и да имаат правилен пристап кон соодветни методи на третман и технологија.

Државата треба да обезбеди да медицинските лица, парамедицинските лица и помошниот персонал да има сооветна обука за да не даваат погрешни совети на родителите на хендикепираните деца. Оваа обука треба дае континуирана и да се базира најновите достапни информации.

Државата треба да обезбеди хендикепираните лица да имаат редовен третман и лекарства што им се потребни да ги одржат и подобрат своите функции.

Државата треба да развие национални програми за рехабилитација на сите видови и групи на хендикепирани. Ваквите програми треба да се базираат врз моменталните потреби на хендикепираните и нивните фамилии, развивање на самодовербата и повремени услуги, како што се проценки и препораки.

Сите хендикепирани, вклучувајќи ги и оние со тешки или повеќекратни недостатоци, кои бараат рехабилитација, треба да имаат пристап до неа.

На хендикепираните лица и нивните фамилии треба да им биде овозможено да учествуваат во создавањето и организација на службите за рехабилитација што постојат за нив.

Во една заедница, каде што живеат хендикепирани лица, треба да постојат сите потребни служби за рехабилитација. Како и да е, за да се постигне некоја цел, се организираат специјални кратки курсеви на соодветни места.

Хендикепираните и нивните семејства треба да се охрабрат да земат учество во рехабилитационите програми, како на пример за обучени наставници, инструктори или советници.

При формулација или при оценка на програмите за рехабилитација, државата треба да направи еден вид на експертиза за организациите на хендикепираните.

Државата треба да осигура развој на придружни служби, вклучувајќи ги тука и техничките помагала за да им помогне во зголемувањето на независноста на хендикепираните лица и нивниот секојдневен живот за остварување на своите права.

Државата треба да обезбеди набавка на помагала и опрема, лична помош и преведувачки услуги, во согласност со потребите на хендикепираните лица, како значајни мерки за да се постигне изедначување на можностите.

Државата треба да го поттикне развојот, производството, дистрибуцијата и сервисирањето на помагалата и опремата како и ширењето на познавањето за нив.

За да се постигне ова, треба да се користат општите технички познавања. Во државите каде е достапна високата технолофија, таа во потполност се користи за подобрување на стандардот и ефикасноста на помагалата. Важно е да се стимулира напредокот и производството на ефтини помагала, користејќи домашни суровини и домашни фабрики секогаш кога е тоа можно. И самите хендикепирани лица да можат да се вклучат во произовдството на овие помагала.

Државата треба да овозможи сите овие лица, ко имаат потреба од овие помагала, да ги добијат и тоа по пристапни цени. Ова може да значи дека овие помагала се нудат бесплатно или по толку ниски цени што хендикепираните лица и нивните фамилии да можат да си ги приуштат.

Државата треба да ги земе предвид посебните потреби на момчињата и девојчињата со хендикеп, водејќи сметка за дизајнот, трајноста и прилагоденоста кон возраста на овие помагала и опрема.

Државата треба да го поддржи развојот на обезбедувањето на лична помош и преведувачки услуги, посебно за лицата со тешки и-или повеќекратни оштетувања. Ваквите програми би го зголемиле нивото на учество на хендикепираните лица во секојдневниот живот и во домот, на работа, на училиште како и за време на слободните активности. Програмите за лична

помош треба да бидат таа организирани да самите хендикепирани лица имаат решавачко влијание на начинот на предавање на тие програми.

Во нацрт-текстот на Сеопфатната и интегрална меѓународна Конвенција за заштита и унапредување на правата и достоинството на лицата со хендикеп, во членот 25, што е во фаза на донесување се вели:

"Државите членки признаваат дека лицата со хендикеп имаат право да уживаат највисок можен стандард на физичко и ментално здравје, без дискриминација врз основа на хендикепот. Државите-членки превзмеаат соодветни мерки заради обезбедување на пристап на лицата со хендикеп до здравствените услуги, вклучително и медицинската рехабилитација. Особено, државите членки:

а) ќе обезбедат на лицата со хендикеп ист обем и стандард на достапни здравствени услуги како што се обезбедуваат и за другите лица, (вклучително здравствени услуги поврзани со полот и репродукцијата) и јавни здравствени програми засновани на населението;

б) ќе ги обезбедат оние здравствени услуги потребни за лицата со хендикеп, особено поради нивниот хендикеп, вклучително и рана идентификација и интервенција и услуги што се наменети за минимизирање и спречување на натамошен хендикеп на децата и старите;

в) да ги обезбедат овие здравствени услуги колку што е можно поблиску до нивните заедници, вклучувајќи ги и руралните области;

г) да побараат од здравствените професионални работници да обезбедат нега за лица со хендикеп со ист квалитет како и за другите, а врз основа на слободно изјавената согласност, таму каде што е потребно со подигање на свеста за човековите права, достоинството, автономноста и потребите на лицата со хендикеп преку обука и ширење на етнички стандарди за јавната и приватната здравствена заштита;

д) да забранат дискриминација против лица со хендикеп во обезбедувањето на здравственото осигурување и животното осигурување, таму каде што тоа е дозволено со националниот закон, што ќе се обезбеди на фер, разумен и рационален начин".

Што се однесува до членот 25, во врска со достапните или бесплатните здравствени услуги предвидени во Нацрт-ставот а) се забележува дека во некои индивидуални служаи, за да биде достапна здравствената услуга, таа неминовно треба да биде и бесплатна.

Во Нацрт-ставот в) што се однесува на близината заради обезбедување на здравствени услуги, со посебен акцент на руралните области, многу е значајно ако се има во предвид дека лицата со хендикеп често пати се соочуваат со непристапни транспортни средства.

На крајот, треба да се напомне дека претседателот на Ad hoc Комитетот, во согласност со членот 25 ги вклучува и здравственото и животно осигурување, став д), што ги превзема од Нацрт-членот 28, што се однесува на соодветниот животен стандард и социјалната заштита.

За краткиот временски период Конвенцијата ќе се најде пред Парламентот на Република Македонија. Република Македонија, како земја кандидат, секако дека има потреба од ратификација. Законот што се предлага е во согласност со Конвенцијата и како таков треба да се прифати.

Се говори за период на овој пратенички состав што ќе го донесе овој закон. Дадена е можност да Македонија и овој парламентарен состав биде промотор на едно системско законодавство во регионот.

На крајот сакам да нагласам дека ова е една убава можност за демократијата во Република Македонија што пред нас имаме еден Нацрт-закон со граѓанска иницијатива.

Затоа за да се охрабрат здруженијата како што се "Полио плус", "Шпреса" од Скопје, "Хендикеп" од Тетово и други, една ваква иницијатива која што е во интерес на граѓаните треба да биде поддржана од сите нас. Затоа што ова е заслуга на граѓаните кои што постигнаа да соберат над 18 илјади потписи, што е посебно значајно прашање за лица со хендикеп. Јас го молам Бога да нема лица кои што ќе имаат потреба за користење на овие услуги, што ги предвидува законот, меѓутоа, доколку ова се случи тогаш тие нека се чувствуваат посигурни во заштита на нивните права затоа што ова го овозможува овој закон.

Јас како лекар апелирам да го поддржите овој нацрт закон, за да се помогне оваа категорија на населението и ова население да не се чувствува како инфериорно. Благодарам господине претседател

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Асани.

Јас сакам да направам еден мал коментар. На крајот господинот Асани го заврши својот говор, со тоа што апелира до пратениците да го поддржат овој закон во прва фаза. Мислам дека нема сомнение, а и досега што е кажано, иако не бев присутен тука на телевизија ги следев дебатите, дека нема пратеничка група која што нема да ја поддржи потребата од ваков закон.

Во таа смисла молам, бидејќи има десет пријавени и повеќе, ако може претставник на секоја пратеничка група да го каже својот став и да им даде можност на иницијаторите навистина она што го ветија во следниве 40 до 60 дена да направат една широка јавна расправа, бидејќи од дискусиите кои што јас ги слушнав, има одредени забелешки на законот. Нема потреба сега да ги правиме тие забелешки, бидејќи за мене, без оглед каков е законот, дали се однесува за 18 илјади, јас исто така сум согласен да не кажувам хендикепирани, туку лица со посебни потреби, или за еден единствен човек, а ние ги имаме на оваа листа доста такви закони. На пример еден

таков закон е за рамноправноста, која што ги зафаќа 50% од населението овој закон. Би замолил по еден претставник од партиите да го искаже својот став. Јас само сугерирам да пристапиме кон гласање, бидејќи никој не искажал некоја недоверба или спротивставување на овој закон. Да им овозможиме на иницијаторите во следните 40 до 60 дена да направаат јавна расправа, каде што и тие ќе ги учат одредените слабости во предложениот закон, затоа што Парламентот сепак треба да биде над она што се нарекува сега дневна политика, што се нарекува изборна година. Така ќе го сочуваме дигнитетот, а Парламентот да овозможи во идниот состав да имаме такви луѓе, кои што како парламентарци, како поединци ќе можат да предлагаат закони, ако нешто во меѓувреме не е реализирано. Тоа е мојата молба, или она што е минимална молба да бидеме кратки, можеби по пет минути, затоа што искрено да ви кажам не чекаат многу други закони кои треба да се донесат, имаме незавршени седници, кои се исто така битни за одредена групација на луѓе, па макар да е и еден човек за мене е исто така важен, колку и 18 илјади други граѓани.

Господине Мавровски имате збор.

Повелете.

**Спиро Мавровски:** Почитувани господа од Полио плус, предлагачи на законот, колеги пратеници.

Јас како член на интерпарламентарната група бев вклучен во самиот почеток и после многуте дискусии и запознавање со проблемите. Мислам дека финалето треба да биде токму овој закон. Ги ислушав дискусиите на моите колеги. Тие во забелешките многу се во право,. Но, како што кажа претседателот, јас мојата дискусија ќе се обидам да ја направам што може пократка, најкратка, затоа што од парламентарната група на ВМРО Народна партија ја имате поддршката и очекувам дека во наредните 40 или 60 дена ќе добиеме Предлог на закон кој што во многу ќе биде подобар од ова што сега е предложено во смисла на она што значи правен аспект, во смисла на она што јас не сум задоволен и генерално морам да го кажам моето мислење. Моето лично мислење е тоа што како предлагач и иницијатор на овој закон е "Полио плус" и она што дојде до нас како пратеници од организациите кои што ги имаат во својот состав по нивните организации и други членови, мислам дека тука апсолутно не треба да има никакво недоразбирање и дека овој закон треба всушност да биде посветен токму на луѓето кои што ја имаат потребата од законот.

И, доколку тука се јави несогласување, мислам дека ја промашивме темата. Значи, тоа би значело во најскоро време да добиеме некој нов закон кој што ќе биде повторно од некои инвалидни организации и тука ќе расправаме и мислам дека тука апсолутно, не смее да се случи тоа.

Значи, во наредните 40 дена, предлагам господата што го испратија од Националното координативно тело за еднакви права на лицата со инвалидност во Република Македонија, да бидат вклучени во овие промени на законските акти и едноставно, ги уверувам, затоа што се кажува дека некоја декларација ќе биде многу скоро донесене во Обединетите нации и таа Декларација ќе биде обврзувачка за сите држави во светот. Но, имајќи го искуството како досега се донесуваат тие декларации, како досега следејќи ги оние закони кои што треба да доаѓаат од Европската унија, сме губеле години и години да донесеме некој закон. Јас мислам дека е многу подобро да го донесеме законот, а понатаму се што е обврзувачки за Република Македонија, едноставно, и без да сакаме ќе се инкорпорира во она што значи овој закон.

Во однос на законот, јас имам генерална забелешка, конкретно за овој закон, затоа што овој закон ќе задира, ние кажуваме дека сме социјална држава, но полека полека гледајќи ја вкупната ситуација во Република Македонија стануваме социјален случај. Тука е големиот проблем и тоа е ова што можеме да донесеме прекрасен закон, доколку Буџетот на Република Македонија, средствата кои што ќе се издвојуваат за инкорпорирање, затоа што најважно е дали тој ќе биде важечки, дали ќе можеме да го спроведеме. Ние можеме да донесеме тука во Парламентот прекрасен закон, кој апсолутно нема да функционира. Зошто го говорам ова? Затоа што сите ние сме сведоци за ова што се случува во моментот имавме можност заедно со вас, а вие сигурно и подобро од нас ги знаете ситуациите, во однос на вработувањето, во однос на искориствањто на средствата од голем број организации кои што вработуваа инвалидизирани лица, затоа земаа средства од државата, но за возврат не ги исполнија никаквите услови. Значи тука апелирам, државата мора да биде многу построга кон работодавците кои сакаат да изманипулираат вакви ситуации.

Понатаму, во однос на образованието, мислам дека помина она време кога се формираа специјални фабрики за вакви инвалидизирани лица дека инвалидизираните лица со технолошкиот напредок многу едноставно можат да си го најдат своето работно место во било која нормална организација што функционира во Република Македонија. Образовниот процес треба да се води кон она што значи електроника, кон она што значи технологија и нови научни достигнувања и тука да бидат сите тие лица инкорпорирани.

Во однос на здравството гледаме какви проблеми има Фондот за здравство, во однос не само на луѓето, кои што имаат многу понеопходна потреба од другите граѓани во Република Македонија. Но тука се случува една хаотична состојба, која што се надевам дека Фондот за здравство и Министерството за здравство час поскоро ќе треба да ја реши, затоа што начинот на кој што се предлагаат овие решенија, мислам дека Фондот и така е пред завршна фаза, не знам како ќе може да ги издржи сите овие потреби и побарувања,

вклучувајќи ги тука сите социјални случаи и се она што треба да користи социјална заштита во државата.

Мислам дека апсолутна, никаква спорност нема на она што значи потреба од донесување на овој закон. Начинот, сигурно ќе вклучите поголем број на стручни лица, кои што ќе помогнат за оние крајни, дефинитивни решенија и уште еднаш ќе ве замолам, на ниво на Македонија, сите организации кои што се вклучени и во овие инвалидни организации да бидете заедно и на крајот да добиеме еден заеднички закон, после тоа да не добиваме повторен закон за кој што ќе расправаме дека "Полио плус" не е тој што треба да кажува, туку треба некој друг да кажава. За нас како пратеници и како членови на таа група, мислам дека неопходноста е дефинирана кај сите нас и очекуваме едно заедничко решение кое после 40 дена, се надевам дека претседателот ќе го постави на дневен ред и ќе можеме да говориме за донесување на законот.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Мавровски.

Господине Џелили, имате збор, повелете.

Господинот Спиро Мавровски кажа колку треба да бидеме кратки, а да ја кажеме суштината.

**Зиди Џелили:** Благодарам господине претседателе. Верувам дека и јас ќе бидам краток. Најнапред го поздравувам претставникот и предлагачите на овој закон, ги поздравувам граѓаните кои го поддржаа овој Предлог закон и овој е еден Нацрт закон, кој треба да има посебен почит, бидејќи се говори за една категорија граѓани кои секако, се дел од нашето општество и ние сите државни институции и порано и сега се задолжуваме да бидеме во согласност со стандардите дека Република Македонија ги има потпишано, почнувајќи од меѓународни конценции на Обединетите нации и на Европската унија. Со самиот факт, во членот 35 став 3, Република Македонија е задолжена да создаде стандарди, услови, да понуди стандарди и оваа категорија на граѓани да биде почитувана во сите области на живеењето.

Вистина е дека Собранието на Република Македонија има донесено соодветен број закони, кои на еден начин или друг, се потрудиле да го уредат статусот на оваа категорија граѓани, како што е Законот за царини, Законот за вработување на лицата со хендикеп, Законот за куминикација итн. Но, верувам дека носењето на еден суштествен или правичен закон е повеќе од добредојден и мислам дека ќе се создаде рамката врз која ќе се усогласат и самите барања на оваа категорија граѓани, но и државата ќе земе обврски за почитување на оваа категорија граѓани. Во суштина, овој Предлог за донесување закон опфаќа неколку приоритети. Јас ќе ги спомнам, со цел условно да не застанам и да не ги коментирам сите. На пример, здравствената заштита и рехабилитацијата, кои се едни од приоритетите, односно клучните приоритети. Мислам дека ова ќе влезе и во Националната стратегија за здравство која е во изготвување 2006-2015 година и верувам дека тука е тоа што ќе отвори нови хоризонти и нов пристап во однос на оваа категорија граѓани, користејќи ги и елементите, или превентивните стандарди, со цел, бројот на оваа категорија граѓани да биде се помал.

Исто така, вработувањето, образованието, социјалната заштита и политичката партиципација, домувањето и културниот и забавниот живот. Секако дека овие се клучни области, кои ги засегаат сите граѓани на Република Македонија, но посебно оваа категорија граѓани.

Од телеграфски аспект, ќе се задржам на членот 28 и членот 64. Иако се говори за вработувањето на оваа категорија граѓани во локалната власт, како и обврските на локалната власт, преземени во врска со домувањето, нуди услови и стандарди со кои се задолжуваат. Затоа, предлагам во иднина овие два члена да бидат подобро изготвени и прецизирани. Така што да се земат предвид обврските, задолженијата и можностите на локалната власт, за да ја понудат оваа помош, која се разбира доколку помине како закон, ќе биде и задолжителна за локалната власт. Мислам дека локалната власт е таа категорија, или институција, која непосредно ќе се соочи со оваа категорија граѓани и би било пожелно и таа да има една посебна евиденција во рамките на локалната власт. Во сите овие области се прави еден позитивен исчекор по меѓународни стандарди, каде што државата се вклучува непосредно, што е во ред.

На пример, опфаќајќи ги Координативното владино тело, од една страна, Собранието на невладини организации, мислам дека ова Собрание треба да создаде еден концепт, така што сите здруженија кои и припаѓаат на оваа категорија граѓани, добро е да ги усогласат интересите. На тој начин да имаат еден заеднички статут кој ќе може да ги застапува непосредно како и Фондот за правата на лицата со хендикеп, што е една категорија која можеби би било пожелно уште еднаш да се прецизираат работите да биде во функција на обврските кои ќе ги превземат.

Мислам дека оваа верзија е една од можните која ќе биде во јавна расправа и останувам со надеж дека забелешките ќе се прифатат во функција на самиот закон и статутот на лицата со хендикеп. За кое нешто се ангажираме сите заедно, за да имаме закон кој ќе се практикува во секојдневниот живот. Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Имам уште еден предлог. Јас знам дека дискусиите вообичаено се пишувани. Би замолил да се олесни самата расправа, да се приложат дискусиите и тие ќе бидат дел од стенограмот на Веб страницата и ќе бидат проследени до предлагачите. Но тоа е мојот предлог, изборот е ваш.

Госпоѓо Биковска, повелете.

**Наташа Биковска:** Почитуван претседателе.

Јас го ценам вашето укажување и во првиот наврат и сега. Имам практикувано во првата фаза да ги приложам моите забелешки по конкретни членови. Тоа се случи со Законот за санитарна инспекција. Но сепак, почитувајте не нас како лекари и дозволете барем оваа професија која во најголем дел од својот работен век поминала со оваа категорија на граѓани, јасно да ја искажам својата поддршка.

**Љупчо Јордановски:** Ако можете да бидете пократки јас би ви бил благодарен.

**Наташа Биковска:** Почитуван претседателе, почитувани претставници на предлагачите и на иницијаторот на овој Предлог закон.

Би сакала на почетокот од мојата дискусија да укажам дека во голем дел е надмината мојата дилема околу соодветната терминологија, токму за лицата на кои е наменет овој законски проект, затоа што во литературата која што ја користев, наидов на најмалку пет термини. Ќе ги посочам. Лица со хендикеп, лица со инвалидност, лица со посебни потреби, лица со попречености, лица со оневозможеност итн. А она што со сигурност го знам, е дека во нашата постојна законска регулатива, од областа на социјалната заштита и здравствената заштита се користи терминот лица со посебни потреби, кој што е усогласен со сите европски и меѓународни акти.

Мојот колега, Благоја Гешоски истакна, кој што е сепак во овој парламентарен состав, ќе си дозволам да кажам дека е еден од најповиканите, можеби и најкомпентентен за оваа проблематика, го посочи терминот, како најсоодветен, лица со инвалидност. Сега значи, останува дека од досегашните дискусии, термините лица со посебни потреби и лица со инвалидност, се термини кои што ги исклучуваат сите други, помеѓу кои што спаѓа и терминот лица со хендикеп, кој што наоѓа место токму во насловот и во целиот законски текст.

Пред нас стои предлог за донесување на закон за заштита на правата и достоинството на лицата со хендикеп. Затоа сметам дека не е на одмет заеднички да се потсетиме дека, согласно член 71 од Уставот на Република Македонија, право да предлага донесување на закон има секој пратеник во Собранието, Владата на Република Македонија и најмалку 10.000 избирачи. Став 2 од истиот член определува дека иницијатива до овластените предлагачи за донесување на закон, може да даде секој граѓанин, група граѓани, институции и здруженија. Токму во случајот, во својство на иницијатор е "Полио плус", движење против хендикеп, а предлагачи се граѓаните кои се 18.968 на број. Бројката е инпозантна и говори дека станува збор за закон чие донесување го подржуваат голем број на хумани граѓани кои со својот потпис не само што одлучија со законот да помине во собраниска процедура, туку особено придонесоа за подигање на јавната свест и промовирање позитивен тренд во однос на лицата со посебни потреби, како и совладување на постоечките стереотипи и предрасуди за нив.

Овде, почитувани колеги и гости би сакала да посочам дека преку мојот асистент за комуникација со граѓани и јас лично, преку претпријатијата кои имаат вработено лица со посебни потреби, особено преку невладините организации, партиципираме со над половина од потписниците за овој закон, од општина Берово и Пехчево.

Согласно Уставот Република Македонија е суверена, самостојна, демократска и социјална држава. Социјалната заштита и сигурност на граѓаните се уставна категорија и државата го гарантира правото на помош на немоќните и неспособните за работа, граѓани и обезбедува посебна заштита за лицата за посебни потреби и услови за нивно целосно вклучување во општествениот живот. Ваквите уставни одредби говорат за хуманиот карктер на нашиот Устав што се манифестира преку утврдување на хуманизнот, социјалната правда и солидарност, како темелна вредност на уставниот поредок и преку можности на законоско регулирање на оваа материја. Конкретно и покрај тоа што Уставот е дециден во поглед на одредбата дека државата води грижа за лицата со посебни потреби, сепак прашањата за заштита на нивните права и достоинство, во Република Македонија се регулирани во повеќе законски прописи и на различни нивоа, така што не постои еден компактен, конзистентен системски закон кој сеопфатно би ја регулирал оваа материја.

Во концептот и содржината на законот е опфатена една многу ранлива категорија на лица, лица чија комуникација со општеството е нарушена и лица кои поради нарушување на телесни, ментални и сензорни функции се оневозможени, или во значителна мера отежнати во остварувањето на една или повеќе секојдневни активности и функции.

Принципите на кои се заснова овој закон поаѓа од општо прифатениот принцип дека сите човечки суштества имаат еднаква вредност, свои вродени права и достоинство. Различноста помеѓу луѓето никогаш не може и не треба да биде основ за деградирање, омаловажување и дискринимирање. Таа треба да се почитува и да се прифати како дел од човековата разноврсност и хуманост. Тоа треба да биде правило без исклучоци и морален принцип на секоја индивидуа.

Како што предвидува законот, секое физичко лице треба да има определен степен на толеранција спрема лицата со посебни потреби и сите правни лица мораат архитектонски да овозможат пристапност и разумна адаптација на овие лица. Сите институции на системот треба да бидат вклучени во преземањето ефективни акции за зголемување на свеста на општеството за лицата со посебни потреби, нивните права и достоинство и да ја подржуваат секоја политика и стратегија на Владата, која треба да ја стимулира сите

активности насочени кон овие лица, како на национално, така и на локално ниво. Но, и овде би додала дека треба да се работи на патогенезата односно искоренувањето на сите стереотипи и предрасуди кон лицата со попречености со посебни потреби, за да може да се пристапи кон преземање на конкретни чекори и да имаме опиплив ефект од сето тоа. Државата има и треба да има примарна одговорност во однос на овие лица, во однос на преземање на превентивни мерки за спречување на причини кои ја предизвикуваат инвалидноста, како и во однос на обезбедување поволности за ефективна медицинска заштита и рехабилитација на лицата со посебни потреби, како и набавка на непоходните помагала и тоа постои. И со постојните системски закони големо внимание е посветено на превентивната заштита заради спречување на инвалидноста, што секако треба да го имаме предвид овој непобитен факт.

Државата, како што е предвидено и во предлогот, преку институциите на системот го овозможува професионалното интегрирање на сите лица со инвалидност, без разлика на причините, природата и степенот на нивната оневозможеност и да реализира национални програми и мерки за зголемување на вработеноста, кои ќе обезбедат еднакви можнсти за вработување на лицата со посебни потреби, на отворениот пазар на труд. Понатаму, обезбедување и поттикнување на самостојно живеење на лицата со инвалидност и нивно вклучување во сите сфери на општественото живеење, во соработка со единиците на локалната самоуправа и да се иницира и да се подржува формирање на што повеќе алтернативни центри за подржка и да преземаат конкретни мерки за прилагодување на живеалиштата на овие лица, согласно нивните потреби за живеење.

Лицата со посебни потреби, на што особено потенцира законот, треба да ги уживаат сите човекови права, што се гарантирани со корпусот на универзалните инструменти за слободата и правата на човекот и граѓаните. Иако истите се регулирани на меѓународно ниво, сепак државите остануваат нивни клучни заштитници и промотори.

Овде не изоставно би потенцирала дека националното координативно тело за еднакви права на лицата со инвалидност во Република Македонија, кое е владино тело, чии членови се претставници на ресорните министерства и на најголемите инвалидски организации во Република Македонија, работи на подготовката која е во завршна фаза, на сеопфатна меѓународна конвенција за заштита и унапредување на правата и достоинстовото на лицата со инвалидност, со која треба да се ругулираат правата на лицата со инвалидност. Така што со донесувањето на Конвенцијата секоја држава ќе мора да ги спроведе обврските во поглед на прилагодување на законската регулатива во однос на правата на лицата со инвалидност.

Сите ќе се согласиме, политиката на една држава во однос на оваа категорија лица не зависи само од нејзината економска моќ, зависи од менталитетот на нејзините граѓани кои, еве во нашата држава, како високо морални и хумани, подржаа еден ваков закон. Но, факт е дека ни е потребана трансформација односно европеизација на менталитетот, за оваа материја, поточно за подршка, прифаќање и разрешување на проблемите на оваа категорија на граѓани кои живеат со своите потреби, а ние треба да ја анимираме јавноста, за нивните специфики.

Конкретно, во предложените одредби законот содржи одредби кои се содржани и во други закони кои ја регулираат оваа област, поради што е потребно во понатамошната законска регулатива односно во подготовката на предлог законот да се води исклучително сметка за нивната меѓусебна суштинска усогласеност, терминалошка усогласеност, особено да бидат доконкретизирани и допрецизирани оние одредби кои навистина се двосмислени и декларативни. Но, она што сум сигурна е дека треба аналитично да се анализира Законот за социјална заштита, Законот за образование, Законот за здравствена заштита, Законот за вработување на инвалидни лица, Законот за игри на среќа, Законот за избори и други законски решенија кои потоа како логичен ентитет, практично ќе најдат место во новиот законски концепт.

Бидејќи повеќето законски решенија предлагаат реализација на голем број права кои се во функција на правата на лицата со посебни потреби, а чие практично реализирање бара поголемо оптеретување на Буџетот на Република Македонија, потребно е во координација на Владата на Република Македонија да се усогласи овој исклучително битен, по мене и најбитен момент и предуслов за следната фаза. И ако би се изразила со јазикот на претставникот на предлагачите, овде би ја насочила математиката, затоа што во однос на предлогот да се формира фонд во својство на правно лице кое ќе се финансира 50% од вкупните средства од игри на среќа, како и од

Буџетот на Република Македонија, а ќе ги менаџира средствата за законски предвидените намени, сигурно дека тоа би предизвикало значајни помесувања во системот на буџетирање, кое нешто сепак требало на време да се предвиди.

Почитувани, утврдуваајќи ја потребата од донесување, како што сега е насловен законот за заштита на павата и достоинството на лицата со хендикеп имаме квалитативна и квантитативна придобивка на сите граѓани, а за засегнатата гурпа на граѓани кои во Република Македонија навистина не се занемарлива бројка, убедена сум дека сме на добар пат кон унапредувње на правата и овозможување на целосно и подеднакво уживање на сите човекови права и основни слободи, од страна на лицата со посебни потреби, на еднаква основа со сите други лица, односно со сите здрави лица. Ќе го спроведеме

принципот на еднаквост пред законот, како фундаментално право на човекот односно да се биде третиран еднакво, во согласност со својата човекова природа. Или, ако дозволете почитувани колеги и почитувани граѓани, човековите битија како личности имаат еднаква вредност во самите себе, а не надвор од себе, во некоја друга вредност и се цел за самите себе.

Давајќи највисок приоритет за надградба на нашата ментална матрица, на свеста за правата и достоинството на лицата со инвалидност, во мојата дискусија јасно провејува подршката за потребата за донесување на ваков системски и хуман закон, но нему би му предходеле соодветни измени во соодветните веќе постојни одредби во нашето законодавство, кои ги наведов. Сето тоа бара многу турд и предпазливост, со вградување на сите меѓународни стандарди, како обврска на меѓународните акти. Само така би добиле, почитувани, една солидна конфилација. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете госпоѓа Станковска имате збор.

**Славица Станковска:** Благодарам претседателе, ќе бидам многу кратка. Претседателе ќе ја почитувам вашата замолница од едноставна причина што неспорен е фактот што вие го искажавте дека не постои пратеничка група, ниту пак пратеник во овој Парламент кој не дава подршка или ќе остане рамнодушен на законот што го имаме пред нас.

Иако имам многу коркретни забелешки, се надевам дека ќе имам прилика, во времето помеѓу двете фази на ова законско решение, да ги искажам, или во случајот, кога ќе биде предлог законот во втора фаза пред Парламентот, ако има можности и во писмена форма амандмански да интервенирам, а се надевам дека и расправата што ќе се води помеѓу двете фази, ќе ни даде едно многу поквалитетно решение. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Би благодарам и вас што ја уваживте мојата сугестија.

Господинот Рамадани не е тука.

Има збор госпоѓица Селвије Салиу.

**Селвије Салиу:** Ви благодарам господине претседател, почитувани пратеници, почитувани предлагачи на законот,

Дозволете да ги поздравам сите оние кои го дале својот придонес во изготвувањето на овој предлог закон и настојувањето, овие предлози кои за прв пат во Република Македонија, во областа на правата на лицата со хендикеп, да се уреди со закон.

Инаку, јас ценам дека овој закон има уставна основа во Уставот на Република Македонија, бидејќи многу одредби од Уставот, покрај другото уредуваат и прашање од оваа област. Во овој правец Уставот, меѓу другото гарантира социјална заштита на сите граѓани, опфаќајќи ја тука и оние кои не се способни за работа.

Ценам дека овој закон треба да се заснова и на другите начела од хуманитарен карактер затоа што преку овој закон ќе се овозможи создавање на определени стандарди во областа на почитување на правата и достоинството на лицата со хендикеп. Од друга страна, до колку внимателно се анализира системот на развиените држави, меѓутоа и на оние кои се во транзиција, може слободно да се констатира дека овие држави, речиси без исклучок оваа област ја имаат и правно уредено. Во тој правец се усвоени и определени закони против дискриминацијата на лицата со хендикеп.

Законското третирање на оваа област, според мене предвидува и прифаќање на фактите и признавање на фактот дека овие лица се лица со права како и лицата кои се без хендикеп. Во тој правец сакам да нагласам дека во некои држави оваа област е уредена со посебни закони, меѓутоа и во рамките на другите закони кои уредуваат слични материи или од прилика слични.

Сакам да се обидам да дадам некои забелешки во однос на текстот на овој прелог закон, со цел да се даде придонес за подобрување на предложениот текст.

Членот 3 став 2, мислам дека не треба да постои. Ставот 3 е многу јасен и го дефинира поимот на лицата со хендикеп.

Мислам дека текстот во втората фаза треба да се содржи објаснувања во однос на терминологијата која се употребува на овој закон бидејќи со тоа разбирањето на законот ќе биде многу полесно.

Во членот 9 став 2, зборот "ефективна", не треба да стои, затоа што може со тоа да се подразбере дека постои и неефективна заштита.

Во членот 29 би било добро да се прецизира дека системот на уредувањето на образованието што се предвидува да се развие во посебни образовни единици, ќе се развива и во постоечките заводи за образование, или пак ќе има посебни заводи или специјализирани заводи.

Во членот 39 во став 1 каде се говори за така наречено заштитно здружение, да се прецизира што претставуваат овие видови на трговски друштва.

Во членот 103, како раководен орган, освен директорот, би било добро да се предвиди и постоење на заменик дирекотор, со цел да има можност, во случај на неприсуство на директорот, функцијата да ја врши заменикот на директорот.

На крај, дозволете да нагласам дека јас и парламентарната група на ДУИ ќе ја подржиме оваа иницијатива и ќе гласаме за овој предлог закон. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓице Селвије.

Госпоѓа Бонева не е тука.

Повелете госпоѓо Андова имате збор.

**Ана Андова:** Благодарам претседателе.

Сосема накратко и телеграфски ќе дадам само еден коментар на член 5, во врска со фундаменталните принципи кои се нудат во

текстот на законот. Во врска со истите и во функција на можности на некаков начин да се операционализираат истите, чуствувам потреба да потенцирам три моменти, не само како личен однос спрема содржината на овој закон, туку како испуштена категорија.

Првиот момент е, и покрај уставната определба, многу јасна, спрема лицата со оневозможеност, од различен вид, покрај конкретните законски прописи донесени во изминатиот период и во овој парламентарен состав, моето гледање е дека неконзистентноста во примената на истите не е од институционален карактер, туку произлегува од одредени предрасуди и стереотипи, како рефлексија на јавната свест, во однос на одредени не основано маргинализирани група граѓани. Значи отсуството на подршка исто така е чин на дискриминација.

Затоа, од потребата на овој закон сакам да гледам како на можност да востановиме една константа во почитувањето и прифаќањето на оневозможеноста на одредени наши сограѓани како ел од нужната различност и хуманост. Константа во разбивањето на предрасудите и стереотипите, затоа што ќе се сложите дека многу е полесно да донесеме закон, отколку да разбиеме одредена предрасуда и тоа е факт неспорен.

Токму заради тоа во надградувањето на таа константа претседателот на Собранието, Собранието на Република Македонија, Парламентот, Парламентарната лоби група и голем број пратеници, учествувајќи активно во кампањата за собирање на потписи дадоа свој допринос во градењето на таа константа како механизам, да не речам оружје, за разбивање на предрасудите и стереотипите спрема маргинализираните групи на наши сограѓани.

Второ, на потребата да кажеме, исто така, во однос на вториот момент во врска со алинеја 4 од член 5 е дека таквата константа може да придонесе за реално живеење и остваување на тие принципи, затоа што тоа е така, затоа што не е поинаку и затоа што мораме да го менуваме својот личен однос. Едно е да кажеме да, се залагаме, принципи, меѓутоа, во вистинското однесување, во вистинските ставови, во вистинските обрасци по кои се однесуваме, не го покажуваат тоа токму така, и на тој начин. Во однос на тој принцип на недискриминација по кој било основ имплицира да кажеме одредени механизми на однесување со кои би се оневозможил таа оневозможеност да биде третирана на начин како што се третира на ниво на јавна свест.

Трето, во однос на примената на конкретни мерки, алинеја 5 член 5 во текстот на законот се предлагаат конкретни механизми и мерки. Еве, ќе бидам и тука многу кратка, сакав да кажам повеќе работи, но нема да кажам. Зборувавме на комисијата за труд и социјална политика, сугерирам предлагачите на законот да размислуваат фрагматично и предлагам во друг правец. Со интервенција во други закони во однос на работодавците во смисла на неодамна донесениот закон за донации, спонзорства, во спортот, науката, образованието, што е многу прагматично решение да се размисллува во тој правец, бидејќи и така сите на декларативен начин и во примената на претходните законски решенија се повикуваат на принципот на социјална одговорност, кој во пракса многу малку се применува. Е, тоа може да се постигне со ваква интервенција.

Во однос на конкретните одредби сугерирам и го кажувам своето мислење на предлагачите да се прецизираат сите одредби од законот, да бидат кратки, јасни, и прецизни, да бидат толкувани еднозначно од секој читател или консумент на законот и да предизвикаат правно дејство, онака како што тоа го замислил предлагачот или предлагачите на законот и онака како што очекуваме истите одредби да бидат имплементирани понатаму во пракса и да предизвикаат понатамошни законски решенија во однос на спроведување на принципот на недискриминација.

Еве, дозволете на крајот да кажам дека ова гласање со задоволство ќе го направам.

Ја поддржувам потребата од донесување на овој закон и сите понатамошни активности кои ќе значат постепено освојување на просторот на човековите права и слободи. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи немаме повеќе никој пријавен за збор, го заклучувам претресот.

Пред да го прочитам заклучокот по кој што треба да се изјасниме, ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги молам пратениците од клубот, од ресторанот, од канцелариите, по ходниците, да влезат во салата.

При броењето на присутните посебно ќе ги бројам тие што се членови на "Полио плус".

Да ве известам дека следниот закон е Предлог за донесување на закон за еднакви можности на жените и мажите. Би било многу битно да изгласаме сега заклучок и да почнеме со тој закон. За мене тој е битен.

Парламентот вети односно Парламентарците дека овој закон ќе биде на дневен ред и дека првата фаза ќе помине. Ние сега тоа го завршивме. Затоа, ги молам Парламентарците тоа ветување да го одржат и да се приберат за да гласаме. Ако нешто овој Парламент направил во овие три години , секогаш го оддржувал ветувањето.

Кој е претставник на "Полио плус", нека дигне рака? (двајца)

Само двајца се присутни од "Полио плус", а јас знам дека ги има 15 или 20. Од 15, тројца се веќе могу малку.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Господа пратеници, да не водам лична борба со пратениците, ќе објавам пауза и за ручек, претседателска пауза од 20 минути, а во 15,00 часот да се собереме и да гласаме.

(Пауза до 15,00 часот).

По паузата седницата продолжи со работа во 15,01 часот.

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа.

Ги молам, пратениците да седнат на своите места.

Молам, претставниците на предлагачите кои се во име на граѓаните да влезат во салата.

Молам, пратениците да си седнат на своите места, за да можат службите да го утврдат точниот број.

Службите ги пребројуваат пратениците.

Во салата има 63 пратеника.

Претресот по Предлогот за донесување на законот е заклучен, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1.Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на Закон за заштита на правата и достоинството на лицата со хендикеп, предложен од 18.968 граѓани.

2.Овластениот претставник на предлагачот да изготви и на Собранието да му достави Предлог на закон за заштита на правата и достоинството на лицата со хендикеп, при што ќе ги има во предвид мислењето на Владата, мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3.Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела, стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија и Мислењето на Владата да се достави до овластениот претставник на предлагачите.

4.Овој заклучок, согласно член 73 ставови 3 и 4 од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните ќе бидат информирани преку средствата за јавно информирање.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеника, 66 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

(Усвојувањето на заклучокот беше пропратено со аплауз).

Добро, ова е прв закон што на ваков начин поминува во Собранието.

**Точка 22 -** предлагач Владата на Република Македонија, Министерството за труд и социјална политика.

Молам, претставникот на Министерството за труд и социјална политика да влезе во салата.

Во ред, само неколку минути да причекаме да дојде претставникот на Владата, па ќе продолжиме со работа.

Процедурално госпоѓица Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Потпретседателе, јас сакам да предложам додека чекаме претставник на Министерството за труд и социјална политика да дојде, да ги поминеме точките 30, 31, 32 и 33 кои во суштина се однесуваат за давање автентично толкување да ги поминеме и разгледаме додека дојде претставникот на Министерството.

**Слободан Најдовски:** Тоа е барање за измена на дневниот ред.

Дали имате поддршка од 10 пратеника?

Има поддршка.

Предлогот на пратеникот Славица Грковска да преминеме на точката 30, потоа 31, до каде ќе стигнеме, овие што се за автентично толкување, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 63 пратеника гласале 52, од кои 51 за, нема воздржан, 1 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Тоа значи дека ќе поминеме на 30-тата точка.

**Минуваме на точката 30 - Барање за давање автентично толкување на членот 97 став 1 и 2 од Законот за работните односи, а во врска со член 6 од Законот за персоналниот данок на доход, поднесено од градоначалникот на општина Ресен.**

Барањето и Извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени.

Ги молам пратениците затоа што веднаш ќе преминеме на гласање, а имаме 63 пратеника да останете во салата да ги поминеме овие точки.

Барањето и Извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам пријавените кои се пријавени за дискусија по претходната точка да се одјават, таа точка не е во моментот на дневен ред.

Молам, кој бара збор?

Констатирам дека нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1.Собранието на Република Македонија констатира дека Барањето за давање автентично на членот 97 став 1 и 2 од Законот за работните односи, а во врска со член 6 од Законот за персоналниот данок на доход, поднесено од градоначалникот на општина Ресен не е оправдано и нема потреба од давање на автентично толкување на овој член од причините содржани во Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2.Овој заклучок заедно со Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до градоначалникот на општина Ресен.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 63 пртатеника гласале 56 од кои 56 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 31 - Барање за давање автентично толкување на членовите 64, 65 и 66 од Законот за градење, поднесено од градоначалникот на општина Брвеница.**

Барањето и Извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Констатирам дека нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1.Собранието на Република Македонија констатира дека Барањето за давање автентично толкување на членовите 64, 65 и 66 од Законот за градење, поднесено од градоначалникот на општина Брвеница не е оправдано и нема потреба од давање автентично толкување на овие членови од причините содржани во Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2.Овој заклучок заедно со Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до градоначалникот на општина Брвеница.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 64 пратеника гласале 56, сите гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 32 - Барање за давање автентично толкување на членот 179 став 2 од Законот за семејството, поднесено од пратеникот Весна Борозан.**

Барањето и Извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Констатирам дека нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1.Собранието на Република Македонија констатира дека Барањето за давање автентично толкување на членот 179 став 2 од Законот за семејството, поднесено од пратеникот Весна Борозан. не е оправдано и нема потреба од давање автентично толкување на овој член од причините содржани во Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2.Овој заклучок заедно со Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до пратеникот Весна Борозан.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 64 пратеника гласале 53,од кои 51 гласале за, нема воздржан, 2 против. Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

(Во 15,16 часот со седницата продолжи да раководи Љупчо Јордановски, претседател на Собранието.)

**Љупчо Јордановски: Минуваме на точката 33 - Барање за давање на автентично толкување на член 17 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување,а во врска со членот 30 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, поднесено од пратеникот Ангел Димитров.**

Барањето и Извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Констатирам дека нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1.Собранието на Република Македонија констатира дека Барањето за давање на автентично толкување на член 17 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување,а во врска со членот 30 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, поднесено од пратеникот Ангел Димитров не е оправдано и нема потреба од давање автентично толкување на овој член од причините содржани во Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2.Овој заклучок заедно со Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави пратеникот Ангел Димитров.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 63 пратеника гласале 51, сите гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

За разлика од мојот потпретседател, јас ќе ја почнам 22-та точка, тука е претставникот од Министерството и да не беше тука Законот е во парламентарна процедура и во ваши раце, не сметам дека секогаш треба да биде присутна Владата, ние треба да си го завршиме делот и онака е прва фаза ќе им испратиме стенограм и заклучоци од вашата дискусија. Но, тука е претставникот на Владата, на време дојде.

**Минуваме на точка 22 - Предлог за донесување на закон за еднакви можности на жените и мажите.**

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

(Пријавени се многу пратеници за дискусија, претседателот го коментира тоа).

Па, па, па, искрено да ви кажам овој закон би требало да помине без ни една дискусија бидејќи се става прашање, јас не знам што имаме против тоа да имаме рамноправност по ова.

Повелете господине заменик министер за труд и социјална политика.

**Самка Ибраимовски:** Благодарам претседателе,

Предлогот за донесување на закон за еднакви можности помеѓу мажите и жените, требаше да се донесе еден ваков закон, овој закон е промовирање на принципот за воспоставување еднакви можности за жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната област и во други области од општествениот живот.

Во составувањето на еднакви можности е обврска на целото општество и претпоставувајќи отстранувањето на пречките за воспоставување на еднаквост помеѓу жените и мажите преку превенција и отстранување на неидентификуваниот третман на жените и мажите и воспоставување на услови за воведување на еднакво учество на жените и мажите во сите сфери на општествениот живот.

Поеделни прашања во врска со еднаквите можности на жените и мажите поконкретно ќе се утврдат преку посебни општи и друг вид на мерки и со другите посебни закони од соодветните области.

Законот за еднакви можности на мажите и жените член 9 од Уставот на Република Македонија граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба, меѓународните конвенции, Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација на жените, Европската конвенција за заштита на човековите права и фундаменталните слободи на Советот на Европа, Спогодбата за стабилизација и асоцијација, Универзалната декларација на човековите права на Обединетите Нации, Конвенцијата за правата на децата, Декларација за правото и развој, Хелсиншката декларација, како и договорите и заклучоците од Специјалната сесија на Генералното Собрание на Обединетите Нации во 2000 година.

Сакам да кажам дека овој закон беше поддржан од повеќе наши средби, повеќе сознанија и од невладиниот сектор и од СОЖМ и од другите и законодавната рамка во Република Македонија за превенција на дискриминација и промовирање на целосна и ефективна еднаквост го сочинуваат кривичното, граѓанското и управното законодавство.

Законот за еднакви можности помеѓу мажите и жените има основни начела меѓу кои се начелото на рамноправност и почитување на човековото достоинство, начелото на недопустливот во дискриминацијата, начелото на воспоставување на начело на еднакви можности на жение и мажите, начело на еднаков третман во пристапот на жените и мажите во вработувањето, стручното обучување и унапредувањето на работните услови.

Начело на еднаков третман на социјално осигурување, начело со кое се овозможува секое лице да има можност да заработува за живот преку слободно избрана работа, начело на обезбедување на еднаков услов за работа на сите работници. Предмет на овој закон се уредуваат основните и посебните мерки за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите, надлежностите, задачите и обврските на одговорните субјекти за обезбедување на еднакви можности, постапката за утврдување на еднаков третман на жените и мажите, правата и должностите на застапникот на еднакви можности на жените и мажите, како определено лице за спроведување на постапката за утврдување на еднаков третман на жените и мажите, како и правата и обврските на субјектите кои учествуваат во таа постапка.

Видови и мерки за воспоставување на еднакви можности и нивното усвојување се следните: Основни мерки и посебни мерки, позитивни мерки, охрабрувачки мерки, програмски мерки, мерки во процесот на едукација и професионална обука за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите.

Субјекти и одговорни усвојувања и спроведување на мерките за воспоставување на еднакви можности и нивните обврски се Собранието на Република Македонија член 11, Владата на Република Македонија и органи на Државната управа, член 13, Министерството за труд и социјална политика, надлежните задачи и обврски на Секторот за еднакви можности, Народен правобранител, единици на локалната самоуправа, политичките партии, средствата за јавно информирање.

Сакам само уште да додадам дека постапка за утврдување на еднаков третман на жените и мажите се лица овластени за поведување на постапка, иницијатива за поведување на постапката член 26, неповедување на постапка член 27, тек во постапка член 28, обврски за соработка со застапникот, времетраење на постапката, запирање на постапката, писмено мислење, годишен извештај итн.

Законот за еднакви можности помеѓу мажите и жените во случаи за спроведување член 34, надлежности на инспекциските органи, член 35, 36 и 37, права и заштита на жените член 38, надомест на штета, член 39, товар за

докажување, член 40 и 41, надзор над спроведувањето на законот, казнени одредби, закон за еднакви можности помеѓу мажите и жените.

Од ова мое кратко излагање сакам да укажам дека требаше да се донесе еден ваков закон. Мислам дека ќе имаме поддршка од Собранието на Република Македонија и од пратениците и очекувам доколку има некои прашања во врска со овој закон за еднакви можности, сум на располагање да одговорам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.
Мене ми е малку чудно во 21-ви век да имаме ваков закон. Сугестијата моја е следната. Тие кои што се против овој закон да дискутираат, а тие кои што го поддржуваат нека се откажат. Јас на пример не сум против овој закон, нема да дискутирам. Освен ако некои решенија не се добри, тогаш може да се дискутира и од страна на тие што го поддржуваат овој закон. И правото да не го ускратам, две,три минути до пет минути.

Има збор господинот Нелко Стојаноски.

**Нелко Стојаноски:** Почитуван господине претседателе, почитуван господине заменик министер, почитувани колеги,

Пред нас е во прва фаза донесувањето на законот за еднакви можности на мажите и жените и како што иницираше и претседателот најпрво ни се поставува прашањето дали има причина за донесување на овој закон, или на еден ваков закон. Тоа прашање се поставува бидејќи се смета дека нашата држава е демократска држава, дека во неа сите граѓани се еднакви и рамноправни. Според тоа постои рамноправност меѓу половите. Тоа го гарантира и Уставот каде што во членот 9 се истакнува дека граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Тоа значи дека се гарантирани еднакви права независно од полот. Меѓутоа, постои дискрапанција помеѓу нормативното и реалното, имено наследените стереотипи пренесувани со традицијата ја оневозможуваат на некој начин рамноправноста. Можам во оваа насока да кажам многу аргументи, меѓутоа поконкретно за овој проблем. Значи, уставните норми ги поставуваат основите за законодавна регулатива со која ќе се создадат услови за остварување на еднакви можности за мажите и жените, но не само во нашата држава, туку речиси насекаде во светот рамноправност не постои. Некои сметаат дека за таквиот статус најголеми виновници се мажите, дека тие се најголеми нивни непријатели , тие создаваат тегобност и притисок врз жените. Меѓутоа, нивниот поинаков статус е инкорпориран во системот и е поврзан со традицијата и со наследството. Во досегашната историја за наследници се сметале синовите, ќерките не се сметале за наследници, тие ќе бидат само сопруги на нивните мажи. Тоа доведува до инфериоризирање на идеи кај жените под влијание на машката супериорност дека тие немаат права, дека правата се резервирани само за мажите.

Во некои француски и социолошки истражувања се пкажува дека 80% од општествата жените се во неповолна положба или само до 20% од општествата жените успеале да се спасат од притисоците. Но и во современите општества притисоците постојат, и се изразуваат како насилства, било сексуални, било малтретирање од поинаков карактер, дури и страв дека ќе бидат убиени се разбира од мажите. Инаку само 1% од светското богатство го поседуваат жените, ако сакаме и материјални такви податоци да спомeнеме.

Притисоците врз жените се тешко објасниви, во современоста тие неможат да се објаснат ни со современата легислатива ни со религијата. Тие се спротивни на правото и претставуваат еден глобален екцес штетен не само за жените туку и за современите општества и за демократијата.

Во облиците за нерамноправност меѓу мажите и жените и кај нас се многубројни и видливи. Тие се изразуваат како забрани од различен вид, определување на обврските, намалување на платата, исклученост од политиката, недостапност на одредени професии, занаети итн. Неправдите се фраглантни од социопрофесионален аспект меѓу жените кои доаѓаат до одредени служби, работи и функции и мажите кои имаат права и можат да прават се.

Сеуште општеството им доделува различни улоги и одговорности и активности на жените и мажите во зависност од тоа што се смета како соодветно за нив во одредено општество. Сеуште женската работа помалку се цени и помалку е престижна од онаа на мажите. Какви ќе бидат половите односи во едно општество и какви улоги ќе им се наметнуваат и ќе ги извршуваат мажит и жените најмногу зависи од културата на тоа општество и од процесите на социјализација. Денеска навистина сме сведоци на менување на ставовите во однос на машко-женските работи, или она што се смета за машка, она што се смета за женска работа при што се повеќе се смалува јазот на работите кои се за мажите и работите кои се за жените. Такви неправди има и во нашата држава нееднакво дистрибуирани меѓу руралната и урбаната популација меѓу припадниците на различните етнички заедници меѓу помалку и повеќе образованите. Во оваа смисла овој закон може да охрабри, да се обезбедат посебни придобивки со цел да се елиминира нееднаквото учество на жените и мажите,или нееднаквиот статус врз на полот. Но,за мене исто така е важна оваа расправа која треба да помогне да се подигне свеста кај граѓаните и преку одредени програмирани едуцирања да се обезбеди унапредување на еднаквите можности. Лично сметам, но и како известител на Комисијата за Европски прашања дека има потреба да се донесе овој закон. Но,беа искажани и таму и овде веројатно одредени забелешки во смисла дека

има во него премногу декларативност, а помалку нормираност и би требало да се доработи. Во оваа смисла дава поддршка за овој закон.

**Љупчо Јордановски:** Ние наназад 50 години имавме навистина Закон за рамноправност на жените. Тоа некаде на другиот дел од светот што го немало тоа, тоа е веќе друга работа.

Јас би замолил уште еднаш тие што го поддржуваат законот да бидат кратки, да не кажам да се откажат, да бидат кратки, не чекаат многу битни точки.

Има збор пратеникот Благодордна Мингова-Крепиева.

**Благородна Мингова-Крепиева:** Благодарам претседателе,

Јас сум од оние што го поддржуваат законот и еден од иницијаторите и затоа ќе ми дозволите да бидам мошне кратка и да кажам дека мојот колега Нелко започна дека нашата земја е демократска. А ас би продолжила, дека степенот на развојот на демократијата во државата се мери и со ангажираноста на сите субјекти за создавање еднакви можности помеѓу жените и мажите и се јавив пред се да ги информирам и колегите и колешките во Парламентот, како и јавноста за препораките кои ги имаме добиено од Комитетот за елиминација на дискриминацијата врз жените, препораки кои ги добивме после одбраната на нашиот иницијален втор и трет извештај, одржана на 25 јануари во ООН. На почетокот само да кажам дека Комитетот безрезервно ја пофали државата и честиташе на одредени постигнувања кои ги има направено во овој период. Но, во главните области на грижа и препораки Комитетот се обрати до државата, а пред се до Законодавниот дом за побрзо донесување на законот за еднакви можности помеѓу мажите и жените. Јас се надевам дека колегите разговараат и на тој начин го покажуваат односнот кон ова мошне суптилно прашање и дека во тој правец не потсетуваат дека дури и треба да ја прошириме дефиницијата што значи дискриминација, како индиректната и директната дискриминација со тоа што во рамките на неа, сметам дека и во законот треба да влезе давањето предност на било кој род во одредени ситуации, како и под дискриминација да се подразбере дискриминацијата со испишување и истакнување на јавни места, или на друг начин ширење на пораки, или симболи со кои се повикува на дискриминаторско однесување врз основа на пол. При тоа морам со жалење да истакнам дека став е и на Клубот на пратенички, последните појави на пишување во дневните и неделните весници во кои жените особено во политиката главно се делат на три групи и тоа: другарки, госпоѓи, кои се невротични кучки. За жал, јас им се извинувам на моите колешки, само цитирам што е кажано.

За жал, во некои од денешните неделници имаме груби, вулгарни навреди кон нашите колешки кои се во процесот на политиката и се одговорни во процесот на донесување на одлуки, за жал написите се дури од новинари жени. Сметам токму и заради тоа е потребата од донесување на еден ваков закон кој ќе ги даде еднаквите можности на сите и на жените, но и на мажите. Затоа што во одредени професии, да кажеме доминираат жените како во образованието, така во здравството, во судството доминира нивната бројка.

При тоа сакам да кажам дека законот ја дава основната можност за политичкото и работно ангажирање. Но, според препораките на Комитетот за елиминирање на дискриминацијата врз жените ни се укажува на потребата дека ќе треба поголемо сеопфатно елиминирање на облици и давање на еднакви можности на политичко, економско, културно, граѓанско, општествено, или другите полиња согласно конвенциите на ООН и директивите на Европската заедница, но и Пекиншката декларација. Исто така сметам дека ова е неопходно. И уште една препорака да ја назначам бидејќи сме во фаза на предизборието и во фаза на донесувањето на законот, на Изборниот законик е поддршката која ја имаме од Комитетот за подоследна примена на позитивната квота во рамките на специјализираните позитивни мерки за поголемо учество на жените во политиката во процесот на донесувањето на одлуките во Законодавниот дом, но и во локалната самоуправа, но и пред се во извршната власт и поголеми можности за вклучување на жената во економијата, во процесот на претприемништвото и во нејзиното самовработување.

Со оглед на тоа што се договоривме побрзо да ја завршиме оваа расправа, моите конкретни забелешки по одредени членови во дефинирањето на специјалните мерки и на дефиницијата ќе ги доставам написемно до Министерството за труд и социјална политика. Благодарам, јас ги искористив моите пет минути.

**Прилог:** Колку и да сакаме да го браниме овој Закон дека ја промовира еднаквоста во сите сфери на живеењето, членот 6 ја промовира само определбата за еднакви можности во телата на власта на сите нивоа.

Затоа сметам дека овој Закон треба поконкретно и посеопфатно да се однесува и на родово базираната дискриминација на политичко, економско, културно, граѓанско, општествено и други полиња согласно со Конвенцијата на Обединетите Нации за елиминација на дискриминација врз жената.

Моите конкретни забелешки се однесуваат на:

Во членот 1 во став 1 предлагам да се додаде и реченицата: "Овој закон ја регулира заштитата на начелото за еднаквост на жените и мажите";

Во член 2 став 1 после зборот "социјалната" да се додаде зборот "културната";

Во член 2 по ставо 2 да се додаде нов став "Еднаквост пред законот и еднаква заштита" и нов 4 став "Еднаквост во остварувањето на правата загарантирани со Уставот и меѓународните договори";

Во членот 4 точка 3 по зборот "ограничување" да се додадат зборовите: "давање предност, поттикнување на дискриминација";

Во членот 4 после точката 4 да се додаде: "за дискриминација се смета и испишувањето и истакнувањето на јавни места или на друг начин ширење на пораки или симболи со кои се повикува на дискриминаторско однесување врз основа на пол;

Во членот 6 би предложила нов став по ставот 2 кој гласи: "Посебните мерки не треба да создаваат ексклузивни права за било кој пол и не треба да останат во сила одкако ќе се постигнат целите заради кои биле преземени".

Во Законот треба да се имплементираат и мерки со цел да се охрабри и поддржи женското претприемништво, посебни програми треба да изготви Агенцијата за претприемништво на Република Македонија, и давање помош при обука и пристап кон кредити, пред се заради ниската бројка на жени претприемачи или жени кои се самовработуваат.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Посебно ја ценам вашата храброст и вашиот интегритет кога зборувавте како некој пишува за жени политичари и при тоа констатиравте, за жал тоа се од дами, жени. Според тоа, проблемот сепак не е кај маживе, проблемот е на некое друго место и таму треба да се разрешат некои други проблеми. А ние ќе го донесеме овој закон бидејќи сметаме дека е потребен.

Има збор господине Ристе Бислимовски.

**Ристе Бислимовски:** Благодарам претседателе,

Го почитувам вашиот апел за да не должиме многу во дискусиите и особено повикот да дискутираат оние што имаат забелешки, или не го поддржуваат овој закон. Јас не сум од тие, јас ќе го поддржам овој закон и токму затоа се јавувам, ако евентуално има некој што смета дека не треба да се поддржи овој закон, добро е да ги слуша овие дискусии и да се приклучи кон нашите апели, да речам и јас како вас претседателе.

Почитуван заменик министре, почитувани пратеници,

Ќе бидам краток и ќе тргнам од уставната определба дека Република Македонија како демократска и социјална држава отвора можности за дорегулирање и на прашањата за еднаквите можности. И ако е тоа така, сосема е на место што на седницава дојде на дневен ред Предлог за донесување закон за еднкавите можности и уште подобро е што предлогот, според мене на убав начин ги уредува односите во оваа сфера. Иако сметаме дека во поглед на слободите, во поглед на дискриминација, кај нас нема преобемни карактеристични случаи. Сепак, добро е и оваа материја да биде уредена и регулирана со закон. Во потврда на тоа дека има потреба од ваков закон е и фактот што при неговото извлекување се тргнало од повеќе документи на меѓународни институции, почнувајќи од ООН, Советот на европскиот парламент, Министерскиот комитет на Советот на Европа и сега да не ги прераскажувам сите резолуции, препораки и директиви, декларации итн. Но, на многу убав начин можеби ова е еден од ретките случаи кога се објаснуваат причините за донесување на овој закон. Во текстот е многу добро поменестено и разбирливо за сите, за потребата од донесување на закон.

Гаранција дека овој закон ќе има ефекти се и начелата врз основа на кои се заснива законот.

Да одам понатаму, и покрај тоа што сме сметале дека немаме проблеми, добро е што по законски пат се инволвираат или, да не речам се определуваат правата и обврските на многу иснтитуции во Република Македонија, почнувајќи од Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија, органите на управата, посебно Министерството за труд и социјална политика, локалната самоуправа, политичките партии, невладиниот сектор и т.н. и сето тоа дава право и гаранција дека сите институции, извршувајќи ги своите обврски ќе ги елиминираат и најмалите можности за нарушување на еднаквите можности, сега кога разговараме за овој закон, еднаквите можности во поглед на половата припадност, односно помеѓу мажите и жените.

Уште подобро е што во законот се предвидува процедура и на крајот заштита. Па, ако сакате, на крајот дури и казни.

Сега си земам за право да заклучам, подржувајќи го Предлогот за донесување на законот, дека дава гаранција дека во иднина, во Република Македонија, во оваа сфера се помалку и помалку ќе бидат проблемите.

Претседателе благодарам, јас мислам дека се придржував до вашата сугестија.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам што ја прифативте мојата сугестија.

Госпоѓо Биковска, имате збор.

**Наташа Биковска:** Благодарам претседателе.

На Предлогот за донесување на законот за еднакви можности помеѓу мажите и жените му посветив должно внимание. Но, во интерес на нашиот конструктивен пристап моите коментари и размислувања ќе ги доставам во писмена форма за да го дадам својот придонес за поттикнвување на најквалитетна крајна верзија на овој закон, но и затоа што сметам дека дискусиите и презентирантие ставови од нашите почитувани колеги, со тон на поддршка и коснтруктивни сугестии, во случајов имаат поголема специфична тежина и со тоа ги одразуваме заеднички современите демократски и цивилизациски придобивки, што очигледно станале дел од нашите позитивни вредности. Ви благодарам.

(Приложена дискусија од пратеникот Наташа Биковска)

**Прилог:** Согласно Уставот, Република Македонија е суверена, самостојна, демократска и социјална држава и сите граѓани на РМ се еднкви пред Уставот и законите.

Една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија се основните слободи и права на човекот и граѓанинот, признати во меѓународното право и утврдени со Уставот. Согласно член 9 од Уставот: "Граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествена положба".

Со воведувањето на ваквата одредба, Уставот го прокламира принципот на еднаквост врз основа на полот, како базичен принцип во меѓународната нормативa за човекови права, со што е искажана волјата на уставотвотецот дека Република Македонија се наоѓа и треба да се наоѓа во редот на оние демократски држави кои својот поредок го градат со целосно признавање, промовирање и респектиарње на еднаквите можности помеѓу мажите и жените.

Раководејќи се од ваквите принципи; следејќи ја Европската законодавна регулатива; со аспирации еден ден да станеме дел од европското семејство; Република Македонија ги потпиша и ратификува и директно ги примени во домашното право сите меѓународни документи кои ја регулираат правната положба и статусот на жените и еднаквоста помеѓу жените и мажите.

Еден од позначајните меѓународни документи, кој претставува правна рамка во подрачјето на еднаквите можности на жените и мажите и чиј потписник е и нашата држава, со што превзема задолжителна одговорност во спроведувањето пред целата меѓународна заедица, е

Конвенцијата за елиминирање на сите облици на дискриминација на жените, и Факултативниот протокол кон оваа Конвенција, со чие ратификување Република Македонија го призна постоењето на Комитетот за елиминирање на сите облици на дискриминација на жената и на тој начин им овозможи на своите граѓани обраќање до овој Комитет во случај на повреда на било кое право утврдено со Конвенцијата.

Република Македонија исто така, има усвоено и голем број на меѓународни документи донесени од страна на ООН, ЕУ, Советот на Европа и други меѓународни институции во кои се содржани норми поврзани со еднаквите можности на жените и мажите... ...

Согласно сите овие документи, согласно принципот на еднаквост по основ на полот, а пред се следејќи го современиот, демократско-граѓански концепт, Владата на Република Македонија во јануари 1997 година, донесе одлука за формирање Одделение за унапредување на рамноправноста помеѓу половите во рамките на Министерството за труд и социјална политика, кое по три години изработи Национален план за акција за полова рамноправност, чија цел е подигнување на свеста за постигнување потполна еднаквост на жените и мажите и промовирање и заштита на правата на жената во сите области на општествениот живот.

Но и покрај сите овие заложби, настојувања и усогласувања од страна на нашата држава, како на меѓународно така и на национално ниво, сепак законодавната регулатива од областа на воспоставувањето еднакви можности на жените и мажите, не е компактна, односно во повеќе закони, од повеќе области се среќаваат норми од различен вид, а кои се во врска со спречувањето на одредени видови на полова дискриминација. (Кривичниот законик, Законот за извршување на санкции, Законот за средно и високо образование, Законот за политички партии, Законот за внатрешни работи, Законот за локални избори, Законот за семејство, Законот за културата).

Затоа предлагањето на еден ваков значаен и специфичен закон - Закон за еднакви можности на жените и мажите, навистина е за поздравување, особено земајќи го во предвид фактот дека сите човечки суштества на планетата се раѓаат слободни и еднакви по достоинство, права и слободи.

Процесот на подготовка на предлог текстот по законот, навистина беше транспарентен и покрај експертите, и пошироката јавност имаше можност да се запознае барем делумно со содржината и целта на законот. Сепак парламентарната процедура и расправа ни остава можност и ние пратениците јавно да дадеме свој став и мислење по законот што се прадлага.

Концептот и содржината на законот поаѓаат од општо прифатените документи за заштита на човековите права, кои предвидуваат забрана на секаков вид на полова дискриминација, а кои што се основа за регулирање на прашањата за унапредување на статусот на жените и воспоставување еднакви можности за жените и мажите во сите области од општествениот живот.

Самата терминологија на законот - Закон за еднакви можности на жените и мажите - е адекватна на содржината и материјата која се уредува и самиот назив на законот прави јасна разлика помеѓу еднаквоста пред законот, која ја пропишува Уставот на Република Македонија и еднаквите можности на жените и мажите, кои треба да се сфатат компатибилно со начелото на еднакво учество на жените и мажите во јавниот и политичкиот живот,еднаков статус и еднаков третман во остварувањето на своите права.

Бидејќи причината за донесување на овој закон е да се забрани секаков вид на полова дискриминација во сите области од општествениот живот, целта на неговото донесување би била промовирање на ваквиот принцип и вклучување на сите институции и субјекти во унапредувањето и воспоставувањето на еднаквите можности,преку сите расположливи мерки и механизми кои ги предлага законот.

Овде, бидејќи станува збор за промовирање, покрај Собранието, Владата, Единиците на локалната самоуправа и надлежното министерство, голема улога би имале и средствата за јавно информирање преку своите програмски концепти, кои треба да придонесат во

развивањето и подигањето на свеста за потребата на делување за постигнување потполна еднаквост на жените и мажите и нивна еднаква застапеност во целокупниот општествен живот.

Уживањето на определени права и еднаквости подразбира и нивна заштита. Согласно максимата ,,каде има право - таму мора да има и негова заштита и гаранција,, овој закон, а во согласност со Уставот на Република Македонија, предвидува заштита на секое лице кое смета дека е дискриминирано по основ на полот. Ставајќи го во преден план дискриминираното лице, а имајќи го во предвид фактот дека жртвите на дискриминација имаат поголема сигурност кога при поведувањето постапка се поддржани од здруженија на граѓани и синдикати, законот ја предвидува како клучна иновација можноста здруженијата на граѓани, работодавачи и синдикати да ги застапуваат лицата кои сметаат дека се дискриминирани, на нивно барање, во управната постапка поведена заради заштита на нивните права кои по основ на пол им биле ограничени или одземени.

Казнените одредби од предлог законот се со оправдување ригорозни, што апплицира на волјата на законодавецот да се донесе, спроведе и почитува еден "современ" и навистина важен закон во една држава која се стреми да биде "современа" и да биде дел од она семејство каде еднаквите можности функционираат и се спроведуваат беспрекорно.

Донесувањето на овој закон треба да обезбеди еднакви можности на жените и мажите и спречување на секаков вид на дискриминација и нееднаков третман. Но тоа треба да биде обврска и на целото општество, која треба да се остварува и преку други пошироки мерки, активности и делувања.

**Љупчо Јордановски:** Јас само можам да ветам дека вашата приложена расправа ќе биде како дел од стенограмот и ќе биде на WEB-страницата.

Дали сте подготвени господине Србиновски? Повелете.

**Илија Србиновски:** Почитуван претседателе,

Само ќе кажам дека ВМРО-ДПМНЕ, пратеничката група ќе го подржиме овој закон, донесувањето на овој закон за еднакви можности на мажите и жените. Тоа воопштоне претставува никаква пречка, напротив е потреба, со оглед на стремежот на Република Македонија за приклучување кон европските држави.

Со други зборови кажано, ВМРО-ДПМНЕ го пдоржува ваквиот закон и ваквата иницијатива. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Србиновски.

Госпоѓо Костадинова, имате збор.

**Емилија Костадинова:** Благодарам претседателе.

Почитуван претседателе, почитуван заменик минситре, колешки и колеги пратеници,

Во интерес на времето, а ценејки ја и вашата препорака, господине претседателе да за оние кои го подржуваат законот, да се откажат од дискусија, еве јас, бидејки исто така му посветив должно внимание на овој Предлог за донесување на закон и имам подолга дискусија, но во интерес на времето истата ќе ја приложам, со оглед на тоа дека ја давам мојата подршка за донесување во првата фаза на овој Предлог за донесување на закон и дека по истиот позитивно ќе се произнесам.

Благодарам.

(Приложена дискусија од пратеникот Емилија Костадинова)

**Прилог:** Почотуван претседателе, почитувани претставници од Министерството за труд и социјална политика, колеги пратеници,

Дого најавуваниот и долго очекуваниот предлог за донесување закон за еднакви можности на жените и мажите, еве денес, конечно дојде за расправа како точка на дневен ред на продолжението на 122-та собраниска седница.

Би истакнала, дека колешките пратенички бевме многу однапред запознаени со содржината и на првата верзија на законот, која беше на јавна дискусија, а бевме присутни и на организираната средба од МТСП со стручен експертски тим, претставнички од Норвешката влада, кои директно работат на таа проблематика и ни го пренесоа нивното искуство.

Почитувани коелги,

Веднаш на почетокот би истакнала дека донесувањето на еден ваков закон е потребен, а за почеток, колку ќе успееме да го концепираме за намените, потребата и целта која сакаме да ја постигнеме, ќе покаже времето. Битно е сега да ја поминеме првата бариера и да го направиме првиот чекор, а понатаму истиот да го надоградуваме.

Сакам, исто така да нагласам дека образложението дадено кон предлогот, заслужува посебно внимание, затоа што навистина ни нуди цела една студија на факти, аргументи, меѓународни прописи и конвенции што ја уредуваат оваа област, така да имаме навистина богата подлога и аргументи за да навлеземе во таа сфера и за почеток во нашето законодавство, да се обидеме нормативно да го уредиме прашањето за еднаквите можности на жените и мажите.

Можеби тоа звучи контрадикторно, а ќе предизвика и реакции како следната: "зарем не сме сите еднакви пред законот, па ни е потребен и ваков закон, во услови кога Република Македонија е декларирана како демократска и социјална држава, во која сите пред законот се еднакви и кога едена од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија, помеѓу останатото е и рамноправноста помеѓу половите?"

Ако децидно го цитираме членот 9 од Уставот на Република Македонија, тој вели:

"Граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба."

Всушност, тој член од Уставот на Република Македонија ги поставува основните темели, за доизградување на понатамошната законодавна регулатива, со која ќе се создаваат услови за остварување на еднакви можности за двата пола.

Што значи, причините поради кои треба да се донесе овој закон е понатамошна законска разработка на тоа уставно начело и негова имплементација преку законот во сите сфери на општествениот и политичкиот живот и подобрување на состојбите во тие сфери на делување.

Сега нормално се поставува прашањето: "дали до сега, во нашето законодавство не постоеа други прописи, кои ја забрануваа дискриминацијата помеѓу мажите и жените и дали состојбата е навистина загрижувачка на тој план?"

Факт е, иако досега Република Македонија нема донесено посебен закон за еднакви можности, помеѓу мажите и жените, таа проблематика не е сосем запоставена, во повеќе други закони вградени се нормиод имено, различен вид за да се спречат одредени видови дискриминација. Не можеме да негираме дека постои сеопфатна законодавна правна рамка на прописи, кои ја забрануваат дискриминацијата во одредени области од животот, како што се во областа на образованието, вработувањето здравствената заштита итн. Такви одредби, всушност имаме вклучено и во Кривичниот законик, во Законот за извршување на санкции, Законот за средно и високо образование, Законот за политички партии, Законот за судови итн.

Но, од причина што Република Македонија целиот свој правен поредок, по потпишувањето на 9-ти април 2000 година. На Спогодбата за стабилизација и асоцијација, го менува и усогласување со европскокто законодавство, еден од условите за влез во тоа семејство е да ги уредиме и тие односи и да ги примениме европските директиви и меѓународните конвенции, со цел да го хармонизираме нашето законодавство и на полето на еднаквите можности на жените и мажите.

Почитувани,

При тоа, не треба да се испушти, а да не се нагласи, дека Република Македонија веќе ги има потпишано и ратификувано најзначајните меѓународни договори и конвенции, кои се однесуваат на еднаквите можности на мажите и жените, како што се:

- Конвенцијата за укинување на сите облици на дискриминација на жените (ЦЕДАЊ);

- Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација против жената;

- Европската конвенција за заштита на човековите права и темелните јслободи на советот на Европа;

Покрај ратификувањето на овие меѓународни договори и конвенции, Владата на Република Македонија уште во месец јануари 1977 година, има направено позитивен исчекор и во рамките на МТСП го формираше Одделението за унапредување на рамноправноста помеѓу половите, кое одигра позитивна улога во промовирањето на улогата на жената и дизајнирање на јасен концепт и стратегијата за надминување на сите проблеми со кои жените се соочуваат кај нас, драгоцен е придонесот и работата на тоа Одделение во изработката на Националниот план за акција за полова рамноправност, усвоен од Владата на Република Македонија во 1999 година а и на сето она што досега е постигнато на тој план.

Понатамошните активности на тој план резултираат со активности и во други министерства, кои одредуваат контакт лица, кои што имат за обврска, покрај редовните задолженија, да ги следат активностите од аспект на еднаквите можности на жение и мажите, да го информираат МТСП посебно ОУРП во креирање на одредени предлози и решенија од оваа област.

Притоа, мораме да ја истакнеме заслугата на ОУРП што од почетокот на 2000 год., во соработка со локалната самоуправа и СОЖМ, се формираат комисии за полова рамноправност во повеќе совети на локалната самоуправа чија што задача е да ги разгледуваат прашањата од облста на половата рамноправност.

Кога веќе ги набројуваме придобивките од делувањето на ОУРП не треба да го исклучиме и значајното влијание на македонското женско лоби во менувањето на состојбите и разбививање на стереотипите за вклученоста на жените во општествено-политичкиот живот во Република Македонија.

Откако е формирана, во месец март 2000 година па до денес, тоа врши притисок врз институциите, медиумите и јавноста за менување на состојбите.

Следејќи ја хронолошки таа проблематика, три години подоцна, истиот месец 2003 година, со помош на Пактот за стабилност, Одделение за полова рамноправност, формиран е и Клуб на жени парламентарки со пионерска задача да, жените пратенички, без оглед на нивната политичка определба, дискутираат и покренуваат прашања од битно значење за унапредување на рамноправноста помеѓу половите.

Почитувани колеги,

Мислам дека повеќе пати до сега е нагласувано и потенцирано дека ако не беа превземени тие значајни и сеопфатени активности, работите немаше да се менуваат кон подобро, односно немаше квантитативно и квалитативно да се подобри учеството на жените во повеќе области. А пред се, онаму каде што беа најмалку присутни, во политичкиот и јавниот живот. Вашиот отпор тука беше најјак и безболно и доброволно

отстапување простор за влез на жените во политиката не ќе беше можен без воведување на процентуалната застапеност. Иако "квотите" во почетокот звучеа чудно, предизвикуваа негодување и одбивност, сепак дадоа позитивни резултати и менување на состојбите, со нивната првична примена на парламентарните избори во 2002 година. И на локалните избори во 2005 година ефектите од нивната примена нема потреба и јас да ги спомнувам, тие цифри се доволно елаборирани и споменувани во повеќе наврати, дадени се и во образложението, а доволно е само да кажеме дека благодарејќи на тие позитивни квоти, сега околу 25 парламентарки седиме во собраниските клупи и можеме да и се обраќаме на јавноста од оваа говорница и да ги изнесуваме нашите ставови.

Неприфаќајќи да ја анализирам работата на жените пратенички, бидејќи тоа најдобро ќе го оцени јавноста, сепак сметам дека тие дадоа свој позитивен придонес, уште од првиот парламентарен состав па се до денес, а се надевам уште повеќе и во иднина.

Исто така сега и со помасовното учество на жените како советнички и на локално ниво, во советите на ЕЛС, ќе имаме позитивна придобивка од примената на квотите и квантитет и квалитет во родовната застапеност.

Третирајќи ја во овој момент рамноправноста помеѓу половите, на повисоко рамниште, не можеме да го одбегнеме фактот дека Скандинавските земји и земјите од ЕУ, тоа прашање законски го регулирале уште пред петнаесетина години и дека и ние, како земја со кандидатски статус за ЕУ, мораме да го надополниме овој сегмент од нашето законодавство што ќе ја надогради еднаквоста помеѓу половите, барем за почеток.

Токму овој предлог за донесување закон за еднакви можности на жените и мажите тоа ни го нуди.

Почитувани колеги,

Сега конкретно и за предложеното законско решение, моето видување и моите забелешки.

За разлика од првата верзија на предлогот што ја гледавме пред да влезе во собраниска процедура, оваа верзија има подобар текст и нуди поконкретни решенија во областа што сака да ја уреди. Тоа е и сосем логично, кога се има во предвид широката расправа и вградените мислења од домашната и странската експертска, пред се норвешката помош.

Но далеку од тоа дека решенијата што се нудат преку ноќ ќе ја изменат состојбата и дека ќе се отстранат сите бариери што стојат на патот на еднаквото промовирање и докажување на половата рамноправност.

Член 2 став 2 од Предлогот најдобро кажува дека еден таков законски проект е грижа на целото општество.

Недискриминацијата врз основа на пол е една од најглавните и најсуштинските цели што треба да се постигне со овој закон и тоа пред се во областите на вработувањето, трудот, образованието, социјалната сигурност, културата, спортот, јавниот и приватниот сектор.

Тргнувајќи од дефинирањето на поимите во законот (член 4), понатаму се дефинираат видовите мерки за воспоставување еднакви можности и тоа: основни мерки (од политичка природа) и посебни мерки, како позитивни, охрабрувачки и програмски, преку кои треба да се постигне целта на овој закон, да се дефинираат задачите и обврските на одговорните субјекти, што е и сторено.

Носител на основните мерки и активности во врска со нив треба да ги спроведе Владата на Република Македонија, органите на државната управа и Секторот за еднаквни можности при МТСП.

Собранието на Република Македонија е задолжено да донесе национален план за акција за еднакви можности на жените и мажите и со промена на Деловникот да одлучи за основање на комисија за еднакви можности на жените и мажите.

Исто така, Собранието со одредбата од член 11 став 2 е задолжено да при изборот на работните тела и при составот на делегациите да го почитува принципот за подекнаква застапеност на жените и мажите.

Тоа истото важи и за Влдата и органите на државната управа, да при составот на нивните работни тела и делегации, при формирањето на консултативни и координативни тела, при именување претставници во јавни претпријатија и слично, да го почитуваат, исто така, принципот за еднаква застапеност на обата пола.

За да не останат ова само декларативни заложби, се задолжуваат органите на државната управа да определат службено лице - координатор, кој ќе биде одговорен да ја следи оваа проблематика, да соработува со Секторот за еднаквни оможности при МТСП и еднаш годишно до тој Сектор да доставува извештај.

Добро е што МТСП преку спомнатиот Сектор ќе има контролна функција и ќе го следи спроведувањето на овој закон што е позитивна придобивка и дефинирањето на надлежностите на тој Сектор, во одредбите од законот.

Понатаму, не се исклучува и улогата на Народниот правобранител, да и тој реагира преку правна заштита на еднаквите можности на жените и мажите кога нечии права се повредени од ограни на државната управа или од организации со јавни овластувања, јавни претпријатија и слично.

Задача со овој Закон добиваат и ЕЛС кои што треба да формираат комисија за еднакви можности и да назначат лице координатор од редот на веќе вработените, но лице стручно и компетентно за извршување такви задачи.

Задача да ја формира Комисијата добива Советот на ЕЛС и во статутот на ЕЛС треба да влезат и нејзините задачи и обврски.

И оваа Комисија е задолжена барем еднаш годишно да доставува извештај до Секторот во МТСП.

Позитивно решение е што не се исклучуваат политичките партии од решенијата во Законот. За да се постигне целта да и во сите органи и тела на партиите и на сите кандидатски листи учествуваат рамноправно двата пола, се задолжуваат и политичките партии, да на секои две години изготвуваат план за еднакви можности, истиот план, откако тие ќе го прифатат и усвојат, го доставуваат до надлежниот сектор, што веќе го спомнавме, при МТСП.

Улогата и на средстата за јавно информирање не е исклучена, бидејќи средствата за јавно информирање играат значајна улога во секојдневниот живот и тие преку своите програмски содржини треба да дадат значаен придонес во оваа сфера, да влијаат на развивањето на свеста за еднаквите можности и на двата пола. Двата пола треба да бидат влучени во изготвувањето на програмските содржини и да не се било кој пол прикажува на навредлив и недостоен начин. Сето тоа, може многу да придонесе состојбите да се менуваат на подобро и да се отфрлат закоравените стереотипи дека уредници по медиумите и тв станиците може да бидат само мажи, а жените да бидат само презентерки, водителки и слично.

За да се следат состојбите реално, без замаглување, треба да се формира база на статистички податоци според полова припадност.

Имајќи во предвид дека законот и најдобро да биде концепиран, ако нема конкретни задолженија и одговорности на задолжените субјекити, состојбите бавно ќе се менуваат, па затоа во НПАЕМ што Владата му го предлага на Собранието се вклучува и одговорност за спроведување на мерките и за постигнување на целите.

Еден од начините за разрешување на постапки за нееднаков третман по полова припадност, е што се предлага, таа постапка да се води во Министерството за труд и социјална полититка, во соодветниот сектор од лице застапник, кој врз база на писмено подесена иницијатива, било од поединец било од здружение на граѓани, синдикати и други правни лица, ќе утврдува дали има повреда по тој основ. Битно е дека водењето на таа постапка е бесплатно за подносителите и дека нема да ги оптоварува со материјални трошоци, да поради таа причина се откажат од истата.

Застапникот може и да не поведе постапка, ако оцени дека нема случај или пак ја прекине постапката, ако не му се достават бараните податоци за случајот. Тој, исто така е должен до 31 март тековната година, за предходната година, да изгови извештај и да го достави до надлежниот сектор до Министарството за труд и социјална полититка и преку тој извештај целосно да се согледаат состојбите.

Се дава задача и на надлежните инспекциски органи да донесуваат решение за почитување на препораките од застапникот.

Против решението на надлежниот инспекциски орган може да се поднесе жалба до надлежната комисија на Владата (член 36).

Сосема за крај би ги дала неколкуте мои забелешки, кои сметам дека, ако бидат прифатени, нема да влијаат на менувањето на основниот концепт на законот.

Моите размислувања водат кон тоа да далеку подобри ефекти ќе се постигнат со отварањето канцаларија на Народниот правобранител за родови прашања, всушност да не постои подвоено водење на случаите, едни кај Народниот правобранител, а други кај застапникот. Вслушност, застапникот или посоодветно координаторот во секоторот да ги прибира извештаите што треба да му ги доставуваат, да ги следи состојбите, да предлага мерки, да ги анализира статистичките податоци по основа на пол итн. Воопшто, во текстот не е наведено од кој образовен профил ќе биде тоа лице. Компаративните согледувања укажуваат дека далеку поголеми резултати на тој план се постигнати онаму каде постои НП за еднакви можности.

Казнените мерки што се пропишани се сосем симболични и не знам дали ќе има ефект за постигнување на целта зацртана во законот.

За крај, ќе гласам позитивно за донесување на првата фаза од законот, а се надевам дека Министерството за труд и социјална полититка, сумирајќи ги забелешките од собраниската расправа, што поскоро ќе ни ја понуди и конечната верзија за усвојување, пред овој парламентарен состав.

02.03.2006 година Пратеник

Костадинова Емилија,с.р.

**Љупчо Јордановски:** И јас ви благодарам.

Господине Стојаноски, повелете.

**Блаже Стојаноски:** Јас сакам да го искажам мојот став што произлегува од членот 9 од Уставот на Република Македонија , според кој сите граѓани се еднакви во слободите и правата, независно од полот, расата, бојата на кожата, национално и социјално потекло, политичко и верско уверување, имотна и општествена положба.

Ние имаме уставно решение за ова прашање. Прашањето на квалитетот на остварувањето на тоа право, на можностите и условите на остварувањето на ова право, на сите граѓани на Република Македонија, вклучувајќи ги тука и жените како дел од популацијата која живее во Република Македонија е прашање што се однесува на реализацијата на уставните одредби во сите сфери. Зборувам од социјална, преку политичка, во сферата на почитување на индивидуалните права и слободи на човекот и граѓанинот во Република Македонија, па се до она

што значи подобрување на општата состојба преку конкретни мерки што ќе значат, на пример, бесплатно лекување за жените што би било многу прифатливо за мене и многу повеќе би значело за женската популација во Република Македонија, освен декларативното залагање за еднакви можности.

Понатаму, многу подобро би било кога социјалната состојба би се подобрила со остварување на нови инвестициони зафати, со отворање на нови работни места, нови вработувања во кои што жените би биле затапени на начин како штоналагаат потребите на македонската економија.

Многу би бил среќен кога инспекциските служби би почнале да водат многу поголема грижа за она што претставува заштита на правата на жените при нивната работа во конфекциите низ Република Македонија, по сите оние фирми и компании каде што работата, во контекст на почитувањето на условите предвидени согласно законските прописи. Значи, донесувањето на овој закон има претходни активности, што претходат како активности во оваа насока и јас тука, за да можам да се определам во тоа дали со овој закон реално ќе се даде поддршка на она што значи зголемвување на правата на жените во Република Македонија, би сакал да знам што навистина е реализирано од Националниот план за акција за полова рамноправност што беше донесен од страна на Владата на Република Македонија уште во декември 1999 година. Или се појавуваме ад хок, од време на време, после неколку години ќе продискутираме малку околу тоа дека жените треба да имаат исти права со мажите, ќе се поделиме на лица кои велат дека можело и подобро, меѓутоа со овој закон ќе се направи чекор напред и на крајот, жените остануваат пак во иста состојба во која што се наоѓаат и денеска.

Јас се залагам за реална подршка и реално зголемвување на можностите за живеење, на оние можности што треба да ги имаат жените, а не само декларативно преку донесување на акти или формирање на одделение за унапредување на рамноправноста помеѓу половите, што е формирано во рамките на Минситерството за труд и социјална политика уште 1997 година, како што кажав Националниот план е тука, потоа имаме уставна норма што се однесува на правата од сите сфери, имаме одредби во Кривичниот законик што ги санкционира сите оние активности што значат повреда на рамноправноста на граѓаните, имаме во Законот за извршување на санкции во таа насока, потоа во Законот за средно образование стои дека секој, под еднакви услови, утврден со тој Закон има право на средно образование. Што значи дека забраната за дискриминација веќе ја имаме во постојните закони.

Прашањето е зошто не се реализираат можностите за сите граѓани на Република Македонија, па вклучувајќи ги тие оценки, да видиме кои се мерките и начините, политиките што треба да ги спроведува Владата на Република Македонија во поглед на подобрување на состојбата на женската популација.

За тоа ви апелирам, дајте, прво да почнеме од работните услови во кои работат жените. Да видием дали има можност во однос на бесплатна здравствена заштита за одреденаи категории на женски болести, ако може така да се каже, што се иманентни за жените. Да видием на кој начин можеме да ја подобриме социјалната положба на самохраните мајки, на пример, ако зборуваме за можности или подобрување на можностите на жените. Ако не, ова ќе го сфатам само како декларирана волја дека требаат мажите и жените да бидат рамноправни и сето тоа ќе се сведе на математика што ќе се прави при формирањето на листи за советници или за пратеници или не знам за што друго.

Затоа сметам дека овој закон, ваков каков што е, не гарантира подобра положба на жените во Република Македонија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Јас сметам дека денеска ќе имате долг разговор со вашата сопруга дома, а ако имате краток разговор, тогаш не сте за рамноправност меѓу мажите и жените.

Господине Флоровски, повелете.

**Александар Флоровски:** Да викажам искрено, сега го ѕирнав законот...

**Љупчо Јордановски:** Како ќе дискутирате акос ега го ѕирнавте законот?

**Александар Флоровски:** Видете, големината на човекот е ако успее да го ѕирне, да регистрира и кога ќе излезе овде да говори значи има можност да регистрира некои работи што треба да ги каже јавно. Значи, се работи за одреден ментален склоп, те бива или не те бива.

**Љупчо Јордановски:** Ќе бидете кратки.

**Александар Флоровски:** Сега, претседателе, уште малку ќе не напуштите, преку "барава", дајте вака, во една добра влоја, во еден позитивен дух.

Моето видување на законот е следно, без притоа некого да навредам, најмалку имам намера луѓето од женски пол, т.е. жените да ги навредам, но до колку во овој Парламент би имало некоја феминистка или припадничка на феминистичко здружение, еве госпоѓата Каролина крева рака, мислам дека овој закон едноставно ќе го фрли и ќе реагира многу жестоко.

Зошто ова го говорам? Од повеќе причини. А, прва од причините е следна:

Насловот е Предлог за донесување на закон за еднакви можности на жените и мажите.

Што гледам во оваа работа.? Го гледам следното и можам да го констатирам следното, дека Република Македонија и како држава и граѓаните на Република Македонија мора да го менуваат сопствениот ментален склоп, не заборавајки притоа дека влеговме во 21-от Век, а ние, а европјаните одамна ги имаат овие работи завршено, а ние денеска расправаме за една работа за што не треба да расправаме.

Со овој закон не само што се деградира жената, затоа што со закон не можеш многу работи што се овде запишани да ги изрегулираш како што е во членот 4, под точка 7-сексуално вознемирување. Тоа е една практика што постои, не само овде, секаде во светот и тешко дека со закон може да се искорени таквата практика, што е одомаќинета и на овие македонски простори.

При тоа сакам да кажам дека европјаните ваквите работи ги завршија во текот на 19-иот или почетокот на 20-от Век. Сакам да кажам дека помина времето на Клара Цеткин и Роза Луксембург. Тогаш се изборија за женските права...

**Љупчо Јордановски:** За работничките права, не за женските права.

**Александар Флоровски:** Да, и за работничките права, вклучувајки го тука и женскиот пол како рамноправен со машкиот, така што претседателе, ако сте професор за математика, барем за историја не сте. Колку-толку сме прочитале и ние некоја книга.

Значи, господине Ибраимовски, за да не ме сфати некој погрешно од присутниве дами тука, јас ќе дадам апсолутна подршка на овој закон, иако сметам дека поддршка треба да се даде на луѓето за промена на свеста, за едуцирање. Пробелмот треба тука да се бара, а не во одредени законски акти. Ако мислите дека вака се решаваат пробелмите, мислам дека сте во голема заблуда како Министерство за труд и социјална политика.

Одамна сметам дека жрните се апслоутно рамноправни со мене и тука нема дилеми. Затоа велам, до колку би се појавила некоја феминисткиња законот би ви го фрлила и воопштоне би дала никаков третман, не би разговарала за ваквото прашање.

Да се промени балканскиот менталитет на македонскиот човек и неговата бакланска свест да стане европска. Сакам да кажам дека балканскито хомо сапиенс, кој живее во нас треба да стане европски хомо сапиенс, т.е. европски човек. Значи, треба да се работи на едуцирање на сите оние кои сеуште живеат во 19-от век, а за себе и за многу мои колеги, барем овде од опозицијата, можам да кажам дека цврсто грабиме кон 21-от век и никогаш, барем што се однесува до мене, не сум размислувал дека, ако е жена е пониско од мене или дека јас сум попаметен од неа.

Денеска на кантар се става менталниот склоп на луѓето, колку му тежи умот или не му тежи, без разлика дали е маж или жена.

За текстот, еве, точката 4 е некако најексплицитна. Може да послужи за пример. Тука има наброено 7 точки, со кои што во глобала можам да се согласам, затоа што таквите работи, фактички, постојат во нашата држава.

Но, ако сметаме или ако сметате дека ова што го напишавте во вооj Предлог, во членот 4 ќе биде само мртво слово на хартија, при тоа, во практиката ништо не се промени, верувајте дека сте направиле само една работа, сте направиле дупка во водата. Во водата не се прави дупка.

Дали ќе постојат инструменти што ќе можат ова да го спроведат, затоа и на почетокот реков дека законов, набрзина, да не речам летимично го погледнав само, но ми падна во очи членот 4.

Кај нас состојбите се лоши од економски аспект. Ќе почнам од точката 7. Дали верувате дека, до колку некоја жена биде сексуално вознемирена или испровоцирана, дека таа ќе пријави на надлежни органи за да работодавецот,  земам пример, утре не ја санкционира? Дали постојат инструменти што ќе можат жената да ја заштитат?

Во духот на добрата волја, таквите работи, мене не ми е јасно како вие ќе ги релаксирате или подоброкажано елиминирате, таквата работ аод точката 7 ќе остане и тешко дека ќе може нешто да се измени тука.

Точката 7 ќе остане и тешко дека нешто ќе може да се измени тука.

Точката 6, вознемирување, пишувате што значи тоа несоодветно, неморално, непристојно. Тоа се надоврзува како предигра на ова сексуално вознемирување. Значи, почнувате од фазата на вознемирување, па сексуално вознемирување, па ќе се прекине таа фаза, зависи од чинителите на сите овие деанија. Бракот е сосема друга работа. Говориме за жената на работа. Тоа е сосема друга категорија претседателе, кога ќе треба да се усогласи со сопругот, значи хармонија. Хармонија во бракот и хармонија во сексот. Затоа што овде стои сексуално вознемирување. Тоа не е за смеење. Ако ја нема таа хармонија не постои ни брак. Тој по логика на нештата се распаѓа, порано или подоцна. Значи постои усогласување од тој домен, како одговор на она што претседателот кажа, во врска со бракот. Стои овде индиректна дискриминација што значи тоа и така натаму. Дискриминација е нееднаков третман.

Господине замениче, да не ги набројувам сите оние работи, има и некои други забелешки кои можам да ги набројам. Стремежот мора да биде еден и единствен. Промена на свеста на македонскиот човек, пошироко на балканскиот човек и на менталитетот кој како генетски код го носиме скоро сите. Чест на исклучоци. Некогаш и јас сум некаков балкански човек, тоа некако ни е вродено. Се трудам да бидам европски човек во 21-от век. Ваквите писанија во практиката како ќе ги спроведете, мене апсолутно, не ми е јасно, но да не излезе дека Флоровски е против озаконување на правата на мажот и жената и на имање еднакви можности. Јас ќе го поддржам овој закон, а што понатаму ќе се случува, Господ знае. Тука ќе привршам. Нема други дискутанти. Ќе ја напуштам говорницата и благодарам што ме сослушавте. Мислам дека многу мажи овде извлекоа поука од она што успеав да го наметнам како можна проблематика. Проблематика која постои кај нас, поточно постои во нашата свест. За жал, толку.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и ги молам пратениците да влезат во салата, за да го изгласаме заклучокот.

Ако за 5 минути не обезбедиме кворум, тоа е јасен сигнал за рамноправноста меѓу мажите и жените. И самите жени. Не правам јас разлика.

Службите нека го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

56 пратеници се присутни. 5 пратеника ни се потребни за да обезбедиме кворум.

Шега на страна, мислам дека законот е сериозен и треба да го донесеме.

Според тоа, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1.Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за еднакви можности меѓу жените и мажите;

2.Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за еднакви можности меѓу жените и мажите, при што ќе ги има предвид мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија, и тука би додал и од приложените дискусии;

3.Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела на Собранието и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за труд и социјална политика.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 пратеник присутен, 58 гласале, 57 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 23 - Предлог за донесување на закон за државен пазарен инспекторат.**

(Со седницата продолжува да претседава господинот Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието)

**Слободан Најдовски: Продолжуваме со 23-та точка - Предлог за донесување на закон за државен пазарен инспекторат.**

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

Има збор пратеникот Спиро Мавровски.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседателе.

На 122-та седница дојдоа законите за економија. Има уште 4-5. Прв од нив е Предлогот за донесување на закон за државен пазарен инспекторат.

Уште во старт треба да кажам дека добро е што овој закон ќе се носи во две фази. Значи, ќе имаме можност и експертската јавност да го каже своето мислење, затоа што она што не беше предложено на Комисијата за економија, мислам дека е доста прифатливо. Забелешките ги имаме, јас ќе сакам да ги изнесам уште еднаш. Ќе ве замолам колеги да се сослушаме. Мислам дека начинот на кој што од Министерството за економија настапија со овој закон е потполно во ред  и одделувањето на Државниот пазарен инспекторат, со она што има намалување на контролата на храна и увоз и зголемување на она што значи потрошувач и купување. Како и секогаш, јас ќе се обидам да бидам конкретен, да проговорам по текстот на законот. Значи, би тргнал од членот 10, став 2 .

Во членот 10 со работите од Инспекторатот раководи директор, кој го именува и го разрешува Владата на Република Македонија.

Во ставот 2 за директор на Инспекторатот може да се назначи лице кое има висока стручна подготовка од областа на економијата, правото, бизнисот, администрацијата, машинска, електротехничка струка, или друга соодветна струка, поврзана со надлежностите од членот 8 од овој Закон.

Мислам дека во овој дел наидовме на разбирање и тоа ќе биде вградено. Значи, недостасува ставот 3, каде што ќе се каже колкаво треба да биде работното искуство за да биде назначен за директор и имаше предлог тука да биде вметнато "и технолошки", а мој предлог беше комплетно со високо стручно образование, затоа што гледајќи ги поголем дел од овие струки и денеска како се завршува на нашите универзитети, мислам дека ќе задоволат други кои што не сме ги напишале во овој дел како што е назначено за директор на Инспекторатот.

Во членот 12 ставот 2, тука е веќе дефинирано и се говори за инспекторите. Значи, инспектор може да биде лице кое има висока стручна подготовка и најмалку три години работно искуство во струката. Тука е дефинирано, нема проблем, но во вториот дел, на секои три години се врши проверка на знаењето на инспекторот под услови и начин утврден со Правилникот, на предлог на директорот, го донесува министерот надлежен за работите од областа на економијата. Мислам дека три години се еден мал период, а тоа ќе биде истото и во наредниот закон за стечај. Ако има три години работно искуство, некој да биде назначен да биде инспектор, сега имаме ситуација после три години, неговите квалитети треба да ги провeруваме. Дали тоа ќе бидат тестови, или друг начин, не знам, но во секој случај мислам дека тој период од три години е премногу мал.

Во глава 5 инспекциски надзор, членот 16, ставот 2, мислам дека овде ќе морате да најдете измена на овој став, затоа што вака како што е напишано, мислам дека ќе направи една голема забуна и во закон досега не сум го сретнал никаде, можеби

вие први дефинирате, но изгледа ќе треба и да се отстрани и покрај тоа што е вака напишано.

Се работи за следното: Значи, член на семејството од став 1 на овој член е лице кое е во крвно сродство во права линија со инспекторот и тоа: дедо, баба, мајка, татко, внуци, како и роднини и браќа, сестри, брат и сестра по татко, односно по мајка, стрико и дете од брат, вујко и дете од сестра, тетка и дете од брат, тетка и дете од сестра и први братучеди. Член 16 став 2.

Мислам на овој начин како што е наведено, апсолутно не држи во законот. Стои по крвно сродство, како е во права линија, се работи за инспектори. Тие мораат да си ја тераат стручно својата работа и постои начин како сето тоа да го контролира Државниот инспекторат и според тоа, некој ќе може или не ќе може да биде учесник во ова.

Понатаму, членот 22, производот што е купен ќе биде вратен, под услов да не е оштетен. Значи, овде треба да прикажете што значи тоа, затоа што производ кој што се зема од Државниот пазарен инспекторат, се зема за проверка. Колку може да биде или не може да биде оштетен, јас не подразбирам како тоа би се извршило, ако примерокот е земен, на него се изврши тестирање. За да се изврши, мора да се провери. Значи, тој да си остане во првобитната ситуација, или не е извршено ништо, или пак ова мораме да го дефинираме, затоа што во закон вака под услов да не е оштетен, мислам дека и во самите продавници не можете да вратите, а не тоа да го направи Државниот инспекторат.

Во членот 26 став 1, јас лично имам дилема и мислам дека и колегите истото ќе го поделат со вас, но тука имаме една ситуација во која што мора да се додефинира, затоа што стои: "Привремено одземените производи, што се подложни на брзо расипување, Инспекторатот ги продава по претходно утврдување на нивниот квалитет". Значи, тие се одземени, се проверува, се продава.

Мислам дека треба да го дефинираме комплетно затоа што може да се случи злоупотреба во оваа ситуација, колку се тие производи земени, како се земени, на крајот се продадени. Додека некој направи некоја забелешка, работата е завршена.

Во членот 29 став 1 вели: "За извршениот инспекциски надзор инспекторот составува записник". Значи се работи за тоа што извршил контрола инспекторот.

Во ставот 4 се вели: "Приговорот од став 3 на овој член се поднесува до инспекторот". Тука немаме втора инстанца, дали е тоа комисија, дали тоа ќе биде министерот или комисија при Министерството. Тука најдовме заеднички јазик со претставникот на Владата и тука ќе има корекција и ќе се заврши таа работа.

Мала дилема ми претставува став 6 кој вели: "Во случај кога е даден приговор, согласно став 3 од овој член, инспекторот може да го одложи донесувањето на решението до истекот на роковите од став 3 и 5 на овој член". Тука сега мораме да имаме измена. Второстепената комисија ќе биде таа која ќе одлучува. Тоа е прво. Второ, мислам дека ги поставуваме во нерамноправна положба оние кои ќе се жалат и оние кои нема да се жалат. Скоро во сите закони одлуката е извршна, а после тоа имате право на жалба. Во овој случај одлуката го одлага извршувањето на предметот. Значи оној што ќе се жали е во предност. Сигурно не е тоа големо време. Тука се во прашање пет дена, или не знам колку. Но, во секој случај овој приговор оние другите кои не се жалеле, ги поставува во нерамноправна положба.

Во однос на член 38, казнени одредби вели: "Инспекторот може да наплати ман". Јас тука апсолутно немам забелешка, но имам друга забелешка, затоа што понатаму членот ги кажува сите оние лица кои нема да ги задоволат побарувањата на Државниот инспекторат, но никаде не стои што ако инспекторот направи прершок, како тој се казнува и кои се казнените мерки кон него, кој ќе треба да ја исплати оштетата кон оштетените фирми кои веќе се прикажани дека направиле прекршок. Мислам дека тоа мора да се дефинира во законот и да стои како посебна одредба, како дел од овие казнени одредби. Но, во секој случај мораме да го дефинираме и да го поставиме некаде. Така што, тоа ќе биде појдовна точка во работењето на инспекторите да внимаваат за она што го работат. Во последно време, говоревме, не е тоа можеби во делот за овој закон, но се случи со соковите "Фанер" во Македонија, некој го пушти тоа. Тоа се огромни штети за кои , на крајот на краиштата државата треба да ја плати оштетата, аигурно дека ќе биде тужена, а одговорноста е на самите инспектори кои ја вршат оваа контрола.

И на крајот, последната моја забелешка на членот 42. Не е тоа забелешка, тоае мое барање и предлог до вас. Вели: "Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон".

Знаејќи колку закони ова Собрание донесе и каде стоело дека подзаконските акти ќе бидат готови за една година, сведоци сме дека поминале две и повеќе години, тие сеуште не се готови. Затоа ви предлагам, паралелно со работењето на законот, да работите и на подзаконските акти затоа што поголем дел од нив ги дефиниравте по членови. Така што, се надевам дека законот за тие шест мессеци, колку што си давате рок, што побрзо да биде во ситуација, прво да го донесеме овде на Собранието и после тоа во рок од тие шест месеци и да профункционира. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Има збор пратеникот Тома Глигоријевски.

**Тома Глигоријевски:** Нема да ја дискутирам потребата за донесување на законот затоа што мислам дека е потребна, со причините кои се наведени во образложението и доставени до материјалите.

Ќе дадам кратка забелешка на две-три работи.

Првата забелешка ми е на член 10 став 2 каде се вели: "За директор на инспекторатот може да се назначи лице кое има висока стручна подготовка од областа на економија, право, бизнис, администрација, машинска и електротехничка струка и друга соодветна струка поврзана со надлежностите од член 7 на овој закон". Сигурно е грешка, се мислело на член 8, бидејќи надлежностите се во член 8, а не во член 7. Меѓутоа, сега ако ги погледнеме надлежностите кои се дадени во член 8, ќе видиме дека инспекторите треба да имаат широка лепеза на стручност, угостителска дејност тука е наведено, занаетчиска дејност, заштита на правата на индустриска сопственост и тн. Сето тоа ме наведува на размислување дека во член 10 воопшто не треба да се наведуваат струките кои би требало да ги има директорот затоа што било која струка се вклопува во некоја си надлежност што ја има Државниот пазарен инспекторат. За разлика од тоа пак недостасува, да кажеме, во член 12 каде вели: "Инспекторот може да биде лице кое има висока стручна подготовка и најмалку три години работно искуство". Затоа мислам дека во член 10 исто така би требало да стои дека треба да има само висока стручна подготовка и поволен број години на работно искуство, 4 или 5, колку е таму максимално дозволено со Законот за работни односи.

И за белешката на член 14 став 2 и став 3 каде вели: "Годишниот план го подготвува директорот". Исто така и во ставот 3-Директорот подготвува годишен извештај. Да се подготви нешто тоа значи дека некој друг треба да го донесе. Сега не знам што е целта на ова, дали директорот треба да го подготви па да го донесе министерот, меѓутоа вели-На министерот му се дава на информирање. Ако е така, тогаш директорот треба да го изготви планот за работа и годишниот извештај. Значи изготви и подготви е мала работа во терминологијата, меѓутоа суштинска разлика во однос на тоа кој е овластен да донесува план, значи да го изготви извештајот за работењето на Државниот пазарен инспекторат. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на закон за Државен пазарен инспекторат.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за државен пазарен инспекторат, при што ќе ги има во предвид мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија, да се достави до Владата на Република Македонија и до Министерството за економија.

Дали имаме шанса да го изгласаме предложениот заклучок?

Очигледно немаме кворум.

Тука ја прекинувам денешната седница, а за продолжението ќе бидете дополнително известени.

(Седницата прекина со работа во 16,30 часот).